# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА КАЈ МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2017

## АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



**Јуни 2018**

Авторските права на овој извештај ги задржува Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Р.М

Барањата за користење на овој документ во целост или на делови од истиот се доставуваат до Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Р.М – Архива.

## Содржина


1. Глобална макроекономска состојба ..... 17
  1.1 Макроекономско опкружување во Република Македонија ..... 20
  1.2 Бруто вредност на производство според основни цени ..... 23
  1.3 Бруто додадена вредност по основни цени ..... 31
2. Правна рамка ..... 32
  2.1 Отворање на бизнис ..... 32
  2.2. Едношалтерски систем за регистрација ..... 34
  2.3 Класификација на претпријатијата ..... 40
3. Претпријатија во Република Македонија - големина и структура ..... 42
  3.1 Претпријатија во Република Македонија ..... 43
  3.2 Активни претпријатија по сектори 2017 ..... 44
  3.3 Функција на едношалтерски систем ..... 47
    3.3.1 Работи кои се вршат преку едношалтерскиот систем ..... 47
4. МСП и надворешна трговија ..... 48
  4.1 Извоз од Република Македонија ..... 62
  4.2 Увоз во Република Македонија ..... 64
5. МСП и вработувањето ..... 72
  5.1 Вработување во Република Македонија ..... 73
  5.2 Самовработување ..... 79
    5.2.1 Програма за самовработување ..... 79
    5.2.2 Старт-ап бизниси за млади ..... 81
  5.2.3 Субвенционирани работни места ..... 81
  5.3 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата ..... 82
  5.4 Невработеност во Република Македонија ..... 85
    5.4.1 Даночна политика на пазарот на труд ..... 89
6. Финансиска состојба и финансирање на МСП ..... 92
  6.1 Добивка (профит) и загуба на претпријатијата ..... 93
7. Даночна политика ..... 96
8. Бизнис демографија и бизнис динамика ..... 102
  8.1 Активни претпријатија по општини ..... 102
  8.2 Занаетчии ..... 105
  8.3 Трговец поединец ..... 106
9. Истражување, развој и иновации во МСП ..... 108
10. Профитабилност, инвестиции и финансии ..... 115

**11. Компаративна анализа на состојбата на МСП во РМ, со состојбата на претпријатијата и деловните субјекти во регионот и ЕУ** ................................ 123

**11.1 Актот за мали претпријатија на Европската унија - Small Business Act (SBA)** ........................................................................................................ 125

**11.2 Усогласување со Актот за мали претпријатија на Европската унија и следење на Европските програми за МСП** ....................................................... 127

**11.3 Анализа на состојбите на МСП во Европската Унија** ............................ 129

**11.4 Политики за увоз и извоз во Европската Унија** ..................................... 134

**Заклучок** ........................................................................................................ 137

**Користена литература** .................................................................................. 138

## Листа на табели и графикони

Графикон 1-1 Приказ на БДП на земјите на ОЕЦД, Сад, Кина и Велика Британија (2009 – 2017) 18

Графикон 1-2 – Глобален економски раст 19

Графикон 1-3 Раст на БДП во развиени земји 19

Графикон 1-4 Годишен раст на глобалната трговија 19

Табела 1.1-1 Основни макроекономски показатели 20

Графикон 1.1-1-2 Вкупни буџетски приходи и расходи и нивните главни компоненти 21

Табела 1.2-1 Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени, по сектори 26

Табела 1.2-2: Бруто-домашен производ според производниот метод, по постојани цени - по цени од претходната година 28

Табела 1.2-3 Бруто-домашен производ според расходниот метод, волуменски индекси. 31

Табела 2.2-1 Трошоците поврзани со регистрација на претпријатие 39

Табела 2.2-2 Упис во регистри 40

Табела 2.3-1 Класификација на претпријатијата 41

Табела 3.1-1 Број на активни деловни субјекти од 2011-2017 година 44

Табела 3.2-1 Активни претпријатија по сектори 44

Табела 3.2-2 Број на новорегистрирани претпријатија од (2007-2017) 46

Графикон 4-1 Вкупна трговска размена меѓу РМ и ЕУ 49

Табела 4-1 – Обем на размена I-XII 2017 50

Табела 4-2: Стоковна размена на РМ со странство, јануари — декември 2017 50

Табела 4-3 : Стоковна размена на РМ со странство според секторите на СМТК1) 53

Табела 4-4 : Стоковна размена според економските групации на земјите 56

Табела 4-5 : Земји со најголем обем на размена со Република Македонија 58

Графикон Т 4-5-1 – Земји кои имаат најголем обем на трговија со РМ 62

Табела 4.1-1 - 10 Земји во кои македонските претпријатија најмногу извезуваа во 2017 62

Графикон Т 4.1-1/1Земји во кои РМ најмногу извезува 64

Табела 4.2-1 - 10 Земји во кои македонските претпријатија најмногу увезуваа во 2017 65

Графикон Т 4.2-1/1 – Увоз 66

Табела 4.2-2 : Стоковна размена според Класификацијата на производите по дејности, КПД 67

Табела 4.2-3: Стоковна размена според основните економски категории 68

Табела 4.2-4: Стоковна размена според Класификацијата на производите по дејности 69

Графикон Т 4.2-4/1 Стоковна размена според Квалификација производи по дејности 71

Табела 5.1-1 Работоспособно население според економската активност, полот и школската подготовка, по години 74

5.1-1 Графички приказ на вкупна работна сила 76

5.1-2 Графички приказ на стапка на активно население 76

5.1-3 Графички приказ на стапка на вработеност според пол 77

Графикон 5.1-4 - Селектирани показатели од пазарот на труд (во %) 78

Графикон 5.1-5 Стапка на невработеност според старосните групи (во %) 78

Табела 5.3-1 Вработени според секторите на дејност и видот на сопственоста на деловните субјекти во 2017 82

5.3-1-1 Графички приказ на видот на сопственоста на деловните субјекти во 2017 84

Табела 5.4-1 : Стапка на невработеност во Р. Македонија 86

Графикон 5.4-1/1 Стапка на невработеност 87

Графикон 5.4-1/2 Стапки на невработеност по возрасна група и пол 89

Табела 5.4.1/1 : Стапки по видови на социјални придонеси 90

Табела 5.4.1/2 Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење 90

Табела 6.1-1 Добивката и загубата остварена кај претпријатијата 2011 – 2017 година 94

Графикон 6-1-1/1 Процентуална добивка кај претпријатијата 95

Табела 7-1 Даночни стапки 100

Табела 8.1-1 Активни деловни субјекти по големина, по општини 103

Табела 8.2-1 Број на активни и новорегистрирани занаетчии во 2017 106

Табела 8.3-1 Број на активни и новорегистрирани трговци поединци во 2017 104

Табела 10-1 : Директни инвестиции во Република Македонија - трансакции - по вид на инвестиција (во мил. Евра) 118

Табела 10-2 : Дирекни инвестиции во Р. Македонија по дејности за 2017 година 118

Табела 10-3: Состојба на инвестициите во РМ 120

Табела 10-4: Странски дирекни инвестиции во Р. Македонија за 2017 120

Графикон 11.1-1 Застапеност на МСП во Европски земји 129

Графикон 11.1-2 Вработеност во МСП во Европски земји 130

Графикон 11.1-3 БДП на МСП во Европски земји 130

**Кратенки**

АВРМ - Агенција за вработување на Република Македонија

АППРМ – Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија

АСИПИ -Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот

АСО - Агенција за супервизија на осигурување

БПП - Бруто полисирана премија

БДП - Бруто домашен производ

ДЗС - Државен завод за статистика

ДДВ - Данок на додадена вредност

ЕБОР - Европска банка за обнова и развој

ЕАГФ - Европски земјоделски гарантен фонд

ЕИБ - Европска инвестициска банка

ЕК- Европска комисија

ЕУ - Европска унија

ИКТ- Информатичко – комуникациска технологија

ИПА - Инструмент за претпристапна помош

ИПАРД - Инструмент за претпристапна помош за рурален развој

ЈИЕ - Југоисточна Европа

МБПР - Македонска банка за поддршка на развојот

МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

МИОА - Министерство за информатичко општество и администрација

ММФ - Меѓународен монетарен фонд

МОН - Министерство за образование и наука

МСП - Мали и средни претпријатија

МТСП Министерство за труд и социјална политика

НБРМ - Народна банка на Република Македонија

НКД - Национална класификација на дејности

ОЕЦД - Организацијата за економска соработка и развој

ПЕП - Претпристапна економска програма

СДИ - Странски директни инвестиции

ССА - Спогодба за стабилизација и асоцијација

ТИРЗ - Технолошко индустриски развојни зони

## Предговор

МСП се двигатели на инклузивниот економски раст во Македонија и во создавањето на продуктивни и одржливи работни места.
2017 беше една од поспецифичните години на економски план, во која дојдоа до израз последиците од пролонгираната политичка криза врз домашната економија, изразени преку економска стагнација. За одбележување е што ризиците и неизвесноста беа поприсутни во првата половина, додека во втората половина на годината дојде до стабилизација на очекувањата и постепено забрзување на економијата.
И оваа година година продолжи трендот на намалување на невработеноста, поддржан од натамошната примена на активни мерки на пазарот на трудот, со што стапката на невработеност се сведе на 22,4%. Позитивните движења на пазарот на труд, заедно со растот на приватните трансфери и кредитирањето на населението, беа основни фактори за поддршка на приватната потрошувачка.
Првата половина од годината беше во знакот на политичката нестабилност, којашто се одрази со пад на економската активност, воздржаност кај домашните и странските инвеститори и променливи валутни склоности кај населението во однос на депозитите во банките. Сепак, во втората половина од годината, со стабилизирањето на политичкиот амбиент и очекувањата на економските субјекти, дојде до подобрување на макроекономските остварувања, зголемени приливи на девизниот пазар и подобрена структура на депозитите, во полза на денарските депозити. Во целина, во 2017 година македонската економија забележа економска стагнација, што главно се должи на падот кај инвестициите којшто ја одразува воздржаноста на инвеститорите и застојот на крупните јавни инфраструктурни проекти, додека приватната потрошувачка и извозот и натаму се главните носители на растот. Се нагласуваат позитивните придвижувања кон крајот на годината, како и задржаните макроекономски фундаменти и остварената структурна преобразба во последниве години, коишто заедно со поволното надворешно окружување, даваат солидна основа за брзо враќање на патеката на солиден економски раст.

Во Македонија, според минатогодишниот извештај на Опсерваторијата за МСП, бројките одразуваат слична состојба со застапеност на МСП во однос на сите претпријатија како и во рамките на ЕУ.

Целта на Опсерваторијата за МСП при Агенцијата за Поддршка на Претприемништо на Република Македонија и нејзините годишни извештаи за секторот на МСП е да овозможи континуирано следење, анализа и подготовка на политики кои се во интерес на приватниот сектор во Р.М. За таа цел, годишните извештаи во голема мера им помагаат на креаторите на политиките во државата, особено на луѓето кои работат во Министерствата, поточно во секторот за развој на МСП и сл. Овие извештаи се од есенцијално значење при изработката на најразлични анализи, трудови и извештаи од страна на голем број институции, организации и проекти. Главен извор на информации на Опсерваторијата се користи базата на податоци на Централниот регистар на Република Македонија, истата користи информации и од Народна Банка на Република Македонија, Државниот Завод за Статистика, Фондот за ПИОМ, Министерство за економија, Министерство за финансии, банкарскиот сектор и голем број други релевантни институции кои со своите информации придонесуваат за целокупната изработка на овој извештај.

| ХРОНОЛОГИЈА | |
|---|---|
| **Година** | **Основни фактори кои влијаат на бизнис опкружувањето и претприемништвото** |
| **1991** | - Независност<br>- Македонија објави независност од Југославија и се одвои од истата, единствена република која го стори тоа по мирен пат |
| **1992** | - Економска криза. Инфлација 1 780 % |
| **1993** | - Членство во ООН<br>- Формирана нова Влада, со учество на албанска партија<br>- Пад во економијата |
| **1994** | - Попис на населението<br>- Започнување на процесот на приватизација<br>- Воведување на Програмата на ММФ за подобрување на макроекономската стабилност |
| **1995** | - Трговско ембарго од Грција<br>- Санкции од ООН |
| **1996** | - Донесен е Закон за трговски друштва |
| **1997** | - Девалвација на денарот |
| **1998** | - Донесен Закон за занаетчиство<br>- Стратегија за привлекивање СДИ<br>- Развој на финансискиот пазар<br>- Раст на реален БДП од 3.4%<br>- Извозот за прв пат од стекнувањето независност го надминува увозот, а странските инвестиции го надминаа износот на сите досегашни СДИ |
| **1999** | - Кризата во Косово предизвика прелевање на 360 000 жители од Косово<br>- Пораст на тензии<br>- Донесен е Закон за банки и хартии од вредност |
| **2000** | - Донесен е Закон за додадена вредност<br>- Раст на реалниот БДП од 4.6%, со што се заокружи годишната континуирана економска експанзија |

| | |
|---|---|
| | - Царинското законодавство стапува на сила со што се обезбедува<br>- усогласување со стандардите на Европската унија |
| **2001** | - Безбедноста криза во државата. Конфликтот се иницирање во селото Танушевци на 18 Февруари<br>- Потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и Спогодбата за демилитаризација<br>- Потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација<br>- Годишен пораст на БДП од -4.5% |
| **2002** | - Попис на населението<br>- Парламентарни избори<br>- Измени на Законот за трговски друштва. Измените се однесуваа на процесот на регистрација на претприајтијата и измена на дефиницијата за правата И обврските на управителите и акционерите.<br>- Парламентот ја усвои “Е-Декларацијата” - заложба на Владата за забрзување на електронкста трговија<br>- Владата ја донесува националната стратегија за МСП<br>- Донесен е Закон за банки за микрофинансирање<br>- Годишен пораст на БДП од 0.9% |
| **2003** | - Република Македонија станува членка на Европската повелба за мали претпријатија<br>- Република Македонија станува членка на СТО<br>- Усвоен е Закон за Агенција за поддршка на претприемништво<br>- Намалување на данокот за ДДВ од 19% на 18%<br>- Усвојување на Законот за поттикнување на вработувањето<br>- Усвојување на Законот за државна помош.□Поддршка ќе им биде доделена на МСП за договарање на консултантски услуги и обука за подобрување на нивното работење.<br>- Годишен пораст на БДП од 2.8%<br>- Донесен е нов Закон за трговски друштва<br>- Донесен нов Закон за трговија<br>- Донесен нов Закон за вршење на занаетчиска дејност |

| | |
|---|---|
| | - Склучени неколку билатерални договори за слободна трговија со неколку земји |
| **2004** | - Целосна имплементација на Законот за перење пари<br>- Екипирање на финансиската полиција<br>- Преговори за нов аранжман со ММФ<br>- Годишен пораст на БДП од 2.9%<br>- 1 ЕУР = 61.5 МКД<br>- Република Македонија се стекна со статус на земја кандидат за членство во ЕУ<br>- Формирање на Европскиот информативен кореспондентен центар<br>- Се реализираше ваучер шемата за давање на консултантки услуги во два пилот региони- Скопје и Струмица |
| **2005** | - Се формираше форум за МСП<br>- Се усвои правна рамка за формирање на Гарантен фонд<br>- Се направија преговори за нов аранжман со ММФ<br>- БДП порасна за 3,8%<br>- 1 ЕУР=61,5 МКД |
| **2006** | - Воспоставен е едно-шалтерски систем за регистрација на компаниите<br>- Усвоена е нова верзија на Стратегијата за МСП<br>- Усвоена е 4 годишна програма за МСП<br>- Намелени се каматните стапки<br>- Намалена е стапката за данок на добивка и персонален данок на 12% ( рамен данок)<br>- 1 ЕУР=61,2 МКД |
| **2007** | - РМ се рангираше на 4-то место како земја реформатор според Извештајот за деловно работење ( наСветската банка<br>- РМ се рангираше на 84 место во поглед на борба против корупцијата според организацијата за меѓународна транспарентност<br>- Намалена е стапката за данок на добивка и персонален данок на 10% ( рамен данок)<br>- БДП порасна за 5,1%<br>- 1 ЕУР=61,2 МКД |

| | |
|---|---|
| **2008** | - Цената на нафтата во јуни се искачи на рекордно највисоко ниво 133,8 САД долари за еден барел<br>- Најнизок процент на невработеност<br>- Почеток на светска економска криза<br>- БДП порасназа 4,9%<br>- 1ЕУР=61.27МКД |
| **2009** | - Глобална финансиска и економска криза<br>- Владата воведе 4 антикризни мерки<br>- Нулта даночна стапка на данок на добивка<br>- Намалена инфлација (просек на трошоци за живеење)<br>- БДП се намали за 0,8%<br>- 1ЕУР = 61,27 МКД |
| **2010** | - Македонија и официјално излезе од рецесијата<br>- Со владините антикризни мерки Македонија има трет најдобар економски резултат во Европа<br>- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор, истовремено зголемување на вкупниот депозитен потенцијал на банките за 15%<br>- БДП се зголеми за 2,9%<br>- 1ЕУР =  61,51 МКД |
| **2011** | - Во работа е пуштен системот за Електронска регистрација на правни лица<br>- Индустриското производство регистрира раст од 3,3%;<br>- Намалување на бројот на регистрирани невработени лица за 12,5%;<br>- БДП се зголеми за 2,8%;<br>- 1ЕУР = 61,53 МКД |
| **2012** | - Република Македонија е трет топ реформатор во светот, според Извештајот на Светска банка „Дуинг бизнис 2012“Намалување на бројот на регистрирани невработени лица за 13,4%;<br>- БДП се намали за 0,4%;<br>- 1ЕУР =61,53 МКД |
| **2013** | - Македонија по четврти пат меѓу десетте врвни економии каде се подобрило деловното и регулаторно окружување според “Дуинг бизнис”<br>- Македонската економија забележа значително закрепнување,при реален раст на БДП од 2.9%,<br>- Основан Фонд за иновации и технолошки развој |

| | |
|---|---|
| | - Индустриското производство забележа раст од 9,5%;<br>- БДП се зголеми за 2,9%<br>- 1ЕУР = 61,58 МКД |
| **2014** | - Македонија е рангирана на 3-то место од 189 држави за започнување на бизнис според “Дуинг бизнис”.<br>- Воспоставен е електорнски систем за регистрација на правни лица<br>- Индустриска реална стапка на раст 30,5%<br>- БДП се зголеми за 3,5%<br>- 1 ЕУР = 61,62 МКД<br>- 1 УСД = 46,4 МКД |
| **2015** | - Македонија сеуште котира високо на ранг листата на Дуинг бизнис во извештајот на Светска Банка односно се наоѓа помеѓу првите 5 во Европа и првите 10 во светот.<br>- Измени во законот за платен промет односно воспоставување на европските стандарди за платен промет при што се создава основ за услугите за плаќање да ги вршат и економски субјекти што не се деловни банки<br>- БДП се зголемува за 3.7%<br>- 1 ЕУР = 61.49 МКД<br>- 1 УСД = 50.64 МКД |
| **2016** | - Македонија се наоѓа меѓу десетте врвни економии за водење бизнис односно представува најдобро рангирана земја во Источна Европа заемајки го 10-тото место помеѓу 190 економии според Дуинг бизнис извештајот на Светска Банка<br>- Измени на законот за трговски друштва за подршка на бизнис секторот – Намалување на општиот резервен фонд на компаниите од 15% на 5%.<br>- Донесен предлог закон на Законот за банките со цел усогласување на работењето на банките со Базелскиот принцип.<br>- 1 ЕУР = 61.58 МКД<br>- 1 УСД = 56.57 МКД |
| **2017** | - Донесен нов Закон за персоналниот данок на доход (Службен весник на РМ, бр.80/93...190/2017) усвоен |

| | |
|---|---|
| | на 25.12.2017 година, а со важност од 01.01.2018 год<br>- Измените во Законот за данок на добивка стапија на сила на 01.01.2017<br>- Македонија според „Дуинг бизнис“ извештајот за 2017 година е меѓу најдобрите 10 во светот и првите 5 во Европа според условите за водење бизнис<br>- Во Глобалниот индекс на конкурентност за 2016/2017 година, Македонија е на 68 место од 138 земји<br>- Македонија на 31-во место според индексот на економски слободи на Фондацијата ХЕРИТИЏ |

## 1. Глобална макроекономска состојба

Глобалното економско окружување во 2017 година беше поволно, при умерено забрзување на растот на реалниот БДП на светско ниво на 3,6%, наспроти 3,2% во претходната година. Со тоа процесот на циклично глобално закрепнување продолжи и во текот на оваа година, поддржан од инвестициската активност и растот на трговијата, а при поволни финансиски услови, приспособлива монетарна поставеност, натамошно зголемување на довербата во глобални рамки и раст на цените на примарните производи. Растот во 2017 година е релативно синхронизиран, односно произлегува од закрепнувањето и на развиените и на брзорастечките економии, а оваа констатација особено се однесува на инвестициската активност. Во однос на групата развиени економии, значително подобрување на економските остварувања имаше во САД, каде што реалниот БДП порасна за 2,2% (1,5% во 2016), поддржано од зголемената доверба на домаќинствата и приватните бизниси. Солиден раст од 2,1% на годишна основа забележа и еврозоната, што претставува највисока стапка на раст во последниве седум години, под влијание на засилената домашна побарувачка, при поволни финансиски услови и намалени политички ризици, а во одредена мера и од нето-извозот поттикнат од поволните движења кај глобалната трговија. Во групата на брзорастечките и економиите

во развој, исто така, дојде до умерено забрзување на растот на 4,6% (од 4,3% во 2016 година), но со разлики во темпото на закрепнување помеѓу одделните земји. И покрај поволните остварувања на краток рок, гледано на среден рок сѐ уште постојат одредени неповолни ризици за глобалниот раст, поврзани со можноста за затегнување на финансиските услови, зголемување на протекционизмот во трговијата, несигурноста од преговорите задните релации помеѓу Велика Британија и ЕУ и други геополитички ризици.

**Графикон 1-1 Приказ на БДП на земјите на ОЕЦД, Сад, Кина и Велика Британија (2009 – 2017)**




Просечната годишна стапка на инфлација на светско ниво во 2017 година изнесуваше 3,1%, што говори за одредено забрзување на инфлацијата во споредба со минатата година, кога изнесуваше 2,8%. Забрзувањето на инфлацијата е особено присутно кај развиените земји, каде што стапката на инфлација порасна од 0,8%, во 2016 година на 1,7% во 2017 година, отсликувајќи ги притоа закрепнувањето на вкупната побарувачка и растот кај цените на примарните производи. Ова особено се однесува на периодот август-декември, кога дојде до нагло зголемување на цените на нафтата, што придонесе за поизразен пораст на глобалната инфлација. Од друга страна, пак, кај брзорастечките економии во

2017 година стапката на инфлација е речиси непроменета и изнесуваше 4,2% (4,3% во 2016 година).

*Графикон 1-2 – Глобален економски раст*




*Графикон 1-3 Раст на БДП во развиени земји*




*Графикон 1-4 Годишен раст на глобалната трговија*




**Извор: Светски економски преглед, октомври 2017 година и ажурирање јануари 2018 година, ММФ.**

## 1.1 Макроекономско опкружување во Република Македонија

Во однос на конкретните квантитативни показатели што го отсликуваат надворешното окружување на македонската економија, странската ефективна побарувачка и странската ефективна инфлација во 2017 година забележаа забрзување на растот. Имено, странската ефективна побарувачка забележа раст од 2,3% (2,1% во 2016 година), со што продолжи нејзиното постепено закрепнување. Најголем позитивен придонес кон годишното остварување имаа економиите на Германија, Бугарија и Србија, иако и останатите земји имаа позитивен, но поумерен придонес. Странските ефективни цени во 2017 година забележаа раст од 1,9%, во просек, наспроти нивната непроменетост во 2016 година. Гледано од аспект на одделните земји, најголем позитивен придонес имаа цените во Германија и Србија, додека останатите земји имаа позитивен, но поумерен придонес.

Табела 1.1-1 Основни макроекономски показатели

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % | | | | | | | | | |
| Реален сектор | | | | | | | | | |
| Реален раст на БДП | -0,8 | 2,6 | 2,8 | -0,4 | 2,9 | 3,5 | 3,8 | 2,4 | 2,2 |
| Индустрија Реална стапка на раст | -10,7 | 3,4 | -0,5 | 2,8 | 5,8 | 4,3 | 6,9 | 0,8 | 2,1 |
| Инфлација (просек на трошоци за живеење) | -0,8 | 1,6 | 3,9 | 3,3 | 2,8 | -0,3 | -0,3 | -0,2 | 1,0 |
| Стапка на вработеност (просек) | 38,4 | 38,7 | 38,9 | 39,0 | 40,6 | 41,2 | 42,1 | 43,0 | 43,9 |
| Стапка невработеност (според дефиниција на ИЛО) | 32,2 | 32,0 | 31,4 | 31,0 | 29,0 | 28,0 | 26,1 | 23,7 | 22,5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трговско салдо (% од БДП) | - 25,1 | - 22,5 | - 24,4 | - 25,7 | - 21,4 | - 20,5 | - 19,0 | - 18,9 | - 18,3 |
| Јавен долг (% од БДП) | 26,2 | 27,3 | 32,0 | 28,3 | 40,5 | 45,9 | 46,5 | 52,7 | 46,7 |

Во врска со јавните финансии односно целокупната монетарна политика според Фискалната стратегија на Р.М. (2017-2019), Министерството за Финансии истакнува дека за Република Македонија и понатаму од витална важност е нивното прудентно управување. Буџетот има големи влијанија врз сите економски и социјални текови во општеството, па така неговото политичко значење особено се зголемува во услови на силни предизвици во домашната и светската економија, како и на внатрешни и надворешни неизвесности.

Во 2017 година, вкупниот буџетски дефицит беше непроменет во однос на претходната година и изнесуваше 2,7% од БДП. Учеството на вкупните буџетски приходи во БДП во 2017 година изнесуваше 29% и забележа умерен раст во однос на претходната година. Мало нагорно поместување на годишна основа забележаа и буџетските расходи, коишто достигнаа 31,7% од БДП, при забележана стагнација на тековните трошоци и зголемување на учеството на капиталните расходи.




*Графикон 1.1-1-2 Вкупни буџетски приходи и расходи и нивните главни компоненти*

Анализата на движењата во билансот на плаќања за 2017 година упатува на задржување на умерен дефицит во тековната сметка, во услови на натамошни структурни промени во извозниот сектор, намалена неизвесност и зголемена доверба и отсуство на нерамнотежи. Дефицитот во тековната сметка изнесуваше 1,3% од БДП, стеснувајќи се на годишна основа за 1,4 п.п. од БДП. Забележливото подобрување кај тековните трансакции го одразува помалиот дефицит во размената на стоки и услуги, надополнето со повисоките приливи врз основа на секундарен доход. Од аспект на финансиските текови, во 2017 година не е забележано позначително надворешно задолжување на економијата, а позитивните ефекти од приливот на странските директни инвестиции беа неутрализирани со нето-одливите кај дел од краткорочните финансиски текови. Во вакви услови, дел од дефицитот во тековната сметка беше финансиран преку девизните резерви, коишто во 2017 година се намалија на годишна основа, но и натаму се одржуваа на соодветно ниво.

Анализата на надворешнотрговската размена во 2017 година укажува на солиден раст на двете составни компоненти, при умерено посилен раст на извозот во споредба со растот на увозот на стоки. Во 2017 година, двигател на позитивните остварувања кај извозот претставуваше извозната активност на новите индустриски капацитети во странска сопственост, во најголем дел изразено преку високиот пораст на извозот на машини и транспортни уреди. Исто така, позитивен придонес во растот на извозот имаа и дел од традиционалните сектори, а особено извозот од металопреработувачката индустрија, за разлика од претходните пет години кога оваа гранка бележеше негативни стапки на раст. Остварувањата кај извозот имаа одраз и на увозната страна, при што суровинската компонента за металопреработувачката индустрија и за новите странски капацитети беше најзначаен фактор за увозниот раст. Дополнителен придонес кон увозниот раст имаше и инвестицискиот увоз, увозот наменет за лична потрошувачка, како и енергетскиот увоз главно поради повисокиот номинален увоз на нафтените деривати, предизвикан од порастот на светските берзански цени на нафтата, а во услови на пад на увезените количини.

Анализата на показателите на ценовната конкурентност на македонската економија укажува на умерено подобрување во однос

на претходната година. Реалниот ефективен девизен курс (РЕДК) пресметан според трошоците на живот оствари депрецијација од 0,5%, а РЕДК дефлациониран со цените на производителите на индустриски производи забележа повисока депрецијација од 3,1%. Ваквите годишни промени во најголем дел произлегуваат од поволните движења кај релативните цени, додека промената на номиналниот ефективен девизен курс влијаеше во спротивна насока, односно кон апрецијација на РЕДК, главно поради депрецијацијата на турската лира и британската фунта.

Бруто надворешниот долг на крајот на 2017 година изнесува 7.403,4 милиони евра, или 73,6% од БДП, што претставува намалување за 0,7 п.п. од БДП во однос на крајот на 2016 година. Понискиот бруто надворешен долг според релативните показатели, во целост произлегува од годишното намалување на јавниот долг, при умерен раст на долгот на приватниот сектор. Притоа, во рамки на јавниот долг, намалувањето се должи на пониските долгорочни заеми на централната влада, додека растот на приватниот долг во поголем дел произлегува од зголемениот меѓукомпаниски долг како резултат на повисоките обврски кон директните инвеститори.

## 1.2 Бруто вредност на производство според основни цени

Бруто-домашниот производ (БДП) по пазарни цени е финален производ на производната активност на резидентните производни единици и е збир на бруто-додадената вредност од одделните институционални сектори или одделните дејности, по основни цени, плус данокот на додадена вредност и царините, минус субвенциите на производи (што не се распределени по дејности). Бруто-додадената вредност по основни цени претставува основна категорија на бруто-домашниот производ и се дефинира како разлика меѓу бруто-вредноста на производството и меѓуфазната потрошувачка.

Бруто-вредност на производството претставува вредност на произведените стоки и извршените услуги во текот на една година, независно дали тие се продадени во целост или дел од нив е ставен на залихи. Вредноста на производството се состои од три вида производство: пазарно производство, производство наменето за сопствена финална употреба и непазарно производство. Поради

специфичниот карактер на одредени дејности, бруто-вредноста на производството се дефинира на различен начин.

При пресметките на БДП по постојани цени, секоја година се менува базната година, односно секоја претходна година се користи како базна година. Во рамките на пресметките на БДП по постојани цени, во основа се користат следните методи: методот на единечна екстраполација, методот на двојна екстраполација и методот на единечна дефлација. Кај методите на единечна и двојна екстраполација, дел од индексите на физичкиот обем што се користат се пресметани од базните статистики, додека еден дел од нив се пресметуваат во соодветното одделение во Секторот за национални сметки. При користење на методот на дефлација се користат соодветните индекси на цени. Во некои од економските активности се користи индексот на вработените како индикатор за тие дејности.
Поради специфичниот карактер на одредени дејности, бруто-вредноста на производството се дефинира на различен начин. Така, на пример, во трговијата, бруто-вредноста на производството претставува разлика помеѓу продажната и набавната вредност на продадената трговска стока, односно бруто-вредноста на производството е еднаква на бруто-маржата во оваа дејност. Кај банкарско-финансиските институции, бруто-вредноста на производството е еднаква на збирот од приходите на банката добиени од вршење на банкарски услуги и пресметаната вредност на импутираните банкарски услуги кои се добиени како разлика помеѓу примените и платените каматиКај осигурителните друштва, бруто-вредноста на производството е еднаква на вредноста на пресметаните осигурителни услуги што се пресметуваат како разлика помеѓу приходите од премии за осигурување и останатите надоместоци за штети од осигурувањето.Кај производителите на државните услуги и другите непазарни и непрофитни институции, бруто-вредноста на производството се пресметува како збир на меѓуфазната потрошувачка,амортизацијата, средствата на вработените и даноците на производство. Поради целта на нивното постоење,и дејствување,производителите на непазарни услуги не остваруваат профит поради што, по дефиниција, нето-деловниот вишок е еднаков на нула.

Пресметките за агрегатите на употребата на бруто-домашниот производ (финална потрошувачка, бруто-инвестиции, извоз и увоз на стоки и на услуги), по постојани цени, се направени со метод на дефлација и притоа се користени соодветни дефлатори (ценовни индекси) за секој од агрегатите на употребата на бруто-домашниот производ. Со цел да се усогласат пресметките на јавната потрошувачка по постојани цени со дел од одделите што влегуваат во пресметките на БДП според производниот метод, по постојани цени, кај пресметката на јавната потрошувачка, покрај методот на дефлација, се користи и методот на Екстраполација. Од така дефлационираните вредности на агрегатите на употребата на БДП, пресметани според расходниот метод, се пресметуваат волуменските индекси, кои се користат за екстраполација на вредностите на трошочните агрегати од соодветната референтна година.

Според проценетите податоци на Државниот завод за статистика, стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) во четвртото тримесечје од 2017 година е 1.2%.Во четвртото тримесечје од 2017, најголем пораст е забележан во секторите: Е, Ж и З - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на оторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за местување и сервисни дејности со храна од 15.6%; А - Земјоделство, шумарство и рибарство од 4,0% и Б, В, Г и Д - Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината од 1.1%. Финалната потрошувачка на домаќинствата вклучувајќи ги непрофитните институции кои им служат на домаќинствата, во четвртото тримесечје од 2017 година, номинално расте за 4.9%, а нејзиното учество во структурата на бруто-домашниот производ изнесува 64.8%. Во истиот период, извозот на стоки и на услуги номинално се зголеми за 14.9%, а увозот на стоки и на услуги забележа зголемување во номинален износ од 11.0%.

**Табела 1.2-1**
**Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени, по сектори**

| | | **Година** | Тримесечје | | | | **Година** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2016**[1)] | 2017[2)] | | | | **2017**[2)] |
| | | | I | II | III | IV | |
| А | Земјоделство, шумарство и рибарство | **54 567** | 10956 | 13288 | 15899 | 18252 | **58 395** |
| Б, В, Г и Д | Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | **103 449** | **24345** | **25082** | **26159** | **29390** | **104 976** |
| В | Од кои: преработувачка индустрија | **73 014** | 15366 | 18418 | 18 691 | 20 762 | **73 237** |
| Ѓ | Градежништво | **44 564** | 9 825 | 8 650 | 9 458 | 10 314 | **38 247** |
| Е, Ж и З | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за | **111 972** | 27583 | 31375 | 34 470 | 34 568 | **127 995** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сместување и сервисни дејности со храна | | | | | | |
| S | Информации и комуникации | **18 494** | 4 976 | 4 908 | 5 027 | 4 974 | **19 886** |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | **17 709** | 4 246 | 4 517 | 4 442 | 4 536 | **17 741** |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | **61 228** | 15676 | 15071 | 15 719 | 15 603 | **62 068** |
| К и Л | Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | **20 103** | 5 002 | 4 992 | 5 030 | 5 024 | **20 049** |
| Љ, М и Н | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | **73 474** | 18549 | 18420 | 18 390 | 18 631 | **73 989** |
| Њ, О и П | Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејности; Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата | **15 214** | 3 632 | 3 579 | 3 635 | 3 618 | **14 464** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | | | | | | |
| **Додадена вредност** | | **520 774** | **124789** | **129882** | **138229** | **144911** | **537 810** |
| **Нето-даноци на производи** | | **78 107** | **18 144** | **21 342** | **21 518** | **20 974** | **81 978** |
| Од кои: | Даноци на производи | **78 609** | 18 256 | 21 440 | 21 613 | 21 099 | **82 408** |
| | Субвенции | **501** | 112 | 98 | 95 | 125 | **430** |
| **Бруто-домашен производ** | | **598 881** | **142933** | **151224** | **159746** | **165885** | **619 788** |

**Табела 1.2-2 : Бруто-домашен производ според производниот метод, по постојани цени - по цени од претходната година**

| | | **Година** | Тримесечје | | | | **Година** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2016[1)]** | 2017[2)] | | | | **2017[2)]** |
| | | | I | II | III | IV | |
| А | Земјоделство, шумарство и рибарство | **55 885** | 10228 | 13706 | 15 77 | 17 209 | **56 820** |
| Б, В, Г и Д | Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; | **95 384** | 23 797 | 24 047 | 24938 | 28 055 | **100 837** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | | | | | | |
| В | Од кои: преработувачка индустрија | **68 441** | 15 059 | 17 572 | 17721 | 19 706 | **70 057** |
| Ѓ | Градежништво | **44 404** | 10 752 | 8 508 | 9 258 | 9 935 | **38 453** |
| Е, Ж и З | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | **107 191** | 27 326 | 30 439 | 32245 | 32 081 | **122 091** |
| Ѕ | Информации и комуникации | **17 544** | 4 726 | 4 763 | 4 789 | 4 689 | **18 968** |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | **17 192** | 4 216 | 4 428 | 4 344 | 4 408 | **17 397** |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | **61 223** | 15 564 | 14 818 | 15378 | 15 097 | **60 858** |
| К и Л | Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | **19 408** | 4 941 | 4 849 | 4 856 | 4 799 | **19 445** |
| Љ, М и Н | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; | **70 368** | 18 164 | 17 882 | 17869 | 17 849 | **71 764** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дејности на здравствена и социјална заштита | | | | | | |
| Њ, О и П | Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејности; Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | **15 061** | 3 595 | 3 489 | 3 525 | 3 473 | **14 082** |
| **Додадена вредност** | | **503 659** | **123309** | **126929** | **132880** | **137595** | **520 713** |
| **Нето-даноци на производи** | | **71 558** | **18 642** | **19 109** | **19 890** | **20 646** | **78 288** |
| Од кои: Даноци на производи | | **72 102** | 18 770 | 19 244 | 20 027 | 20 781 | **78 822** |
| Субвенции | | **544** | 127 | 135 | 137 | 135 | **534** |
| **Бруто-домашен производ** | | **575 217** | **141952** | **146038** | **152770** | **158242** | **599 002** |

**Табела 1.2-3 Бруто-домашен производ според расходниот метод, волуменски индекси**

| Однос на истиот период од претходната година (%) | Година | Квартал | | | | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2016**[1)] | 2017[2)] | | | | **2017**[2)] |
| | | I | II | III | IV | |
| **Бруто-домашен производ** | **102.9** | **100.0** | **98.7** | **100.2** | **101.2** | **100.0** |
| **Финална потрошувачка** | **102.8** | **100.9** | **103.7** | **101.6** | **101.7** | **102.0** |
| Финална потрошувачка на домаќинствата, вклучувајќи НПИСД | **103.1** | 101.3 | 104.4 | 102.9 | 102.7 | **102.9** |
| Финална јавна потрошувачка | **101.9** | 99.2 | 100.4 | 96.4 | 97.9 | **98.5** |
| **Бруто-инвестиции** | **113.3** | **111.4** | **81.4** | **90.6** | **99.0** | **95.5** |
| **Извоз на стоки и на услуги** | **108.1** | **108.3** | **111.0** | **105.5** | **112.1** | **109.2** |
| **Увоз на стоки и на услуги** | **111.6** | **113.4** | **105.6** | **102.1** | **109.0** | **107.3** |

## 1.3 Бруто додадена вредност по основни цени

Според статистичкиот годишник на државниот завод на статистика на Република Македонија, во делот за Национална економија и финансии, бруто-вредност на производството се дефинира како вредност на произведените стоки и извршените услуги во текот на една година, независно дали тие во целост се продадени или дел од нив се ставени во залихи. Вредноста на производството се состои од три вида на производство: пазарно производство, производство наменето за сопствена финална употреба и непазарно производство. Поради специфичниот карактер на одредени дејности, бруто-вредноста на производството се дефинира на различен начин. Така, на пример, во трговијата, бруто-вредноста на производството претставува разлика помеѓу

продажната и набавната вредност на продадената трговска стока, односно бруто-вредноста на производството е еднаква на бруто-маржата во оваа дејност. Кај банкарско-финансиските институции, бруто-вредноста на производството е еднаква на збирот од приходите на банката добиени од вршење на банкарски услуги и пресметаната вредност на импутираните банкарски услуги кои се добиени како разлика помеѓу применитe и платените камати. Кај осигурителните друштва, бруто-вредноста на производството е еднаква на вредноста на пресметаните осигурителни услуги што се пресметуваат како разлика помеѓу приходите од премии за осигурување и останатите надоместоци за штети од осигурувањето. Кај производителите на државните услуги и другите непазарни и непрофитни институции, бруто-вредноста на производството се пресметува како збир на меѓуфазната потрошувачка,амортизацијата, средствата на вработените и даноците на производство. Поради целта на нивното постоење и дејствување, производителите на непазарни услуги не остваруваат профит поради што, по дефиниција, нето-деловниот вишок е еднаков на нула. Бруто додадената вредност (БДВ) претставува индикатор на економскиот просперитет на земјата. БДВ го мери учеството на секој производител, сектор или индустрија кои учествуваат во стопанството. Вообичаено додадената вредност по основни цени се мери бруто бидејќи вредносните подесувања (како на пример дефлација) не се одземаат. БДВ претставува баланс помеѓу бруто производот и меѓуфазната потрошувачка. Тоа е основна категорија на БДВ.

## 2. Правна рамка

### 2.1 Отворање на бизнис

Бизнис активностите во Република Македонија се најчесто се формализираат преку отворање на трговско друштво или компанија. Во Република Македонија бизнис областа се уредува со Законот за трговски друштва од 2004 година. Според чл. 19 од истоимениот Закон "*Трговско друштво претставува правно лице во кое едно или повеќе физички или правни лица вложуваат средства односно пари, ствари или права во имот што се користат за заедничко работење и заеднички ги делат добивката и загубата од работењето.*" Како основачи на трговско

друштво можат да се јават домашни и странски физички и правни лица.
Како основачи на трговски друштва не можат да се јават:

1. физичко лице за кое со правосилна одлука на судот (мора да постои одлука на суд, а не сомневање) е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања, додека трае забраната утврдена со одлука на судот;

2. лица над кои е отворена стечајна постапка за време на траењето на стечајната постапка (само за времетраењето на стечајната постапка);

3. лица кои не ги платиле даноците и придонесите кои со закон биле обврзани да ги платат, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, вклучувајќи ги и лицата во друштвата што престанале;

4. лица, односно содружници или акционери во друштва чијашто сметка е блокирана, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, сè додека трае блокадата на сметката.

Секое лице може да биде основач на повеќе друштва ако со Законот за трговските друштва тоа не е забрането. Физичко лице може, во исто време, да биде содружник со неограничена одговорност само во едно друштво. Кон пријавата за упис на основање друштво во трговскиот регистар основачите поднесуваат лична писмена изјава, заверена кај нотар, дека не постои некое од ограничувањата предвидени со Законот за трговските друштва за да основаат друштво. Основачот не мора да е вработен во друштвото што го основал или е еден од основачите.

Законот за трговски друштва од неговото усвојување до денес претрпи голем број промени и дополнувања следејки ги стандардите и препораките од домашните и меѓународните институции, сè со цел да се доближи до европското и меѓународното правосудство.

## 2.2. Едношалтерски систем за регистрација

Со Законот за едношалтерски систем за регистрација усвоен од страна на Собранието на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 84/2005), се овозможи брза и ефикасна регистрација на трговските друштва. Едношалтерскиот систем претставува единствен електронски регистар на територијата на Република Македонија. Со тоа се олеснува пристапот до податоците за јавноста. Со посета на само еден шалтер можат да се добијат точни информации за деловните партнери, финансиски извештаи, бонитети, биланси, тековни состојби и многу други податоци. Со имплементацијата на Едношалтерскиот систем деловните субјекти добија многу предности : поевтина регистрација, посета на само еден шалтер, времето за регистрација изнесува само 3 дена, точни информации за деловните партнери. Странските инвеститори многу лесно можат да добијат информација за потенцијалните партнери преку нивните матични регистри (европски бизнис регистар), намалување на административните бариери за влез во Република Македонија, добивање на точни и комплетни информации за работењето на компаниите во кој може да се инвестира. Државните органи добија олеснување на процесот на контрола на субјектите, поедноставна постапка за издавање на дозволи, заштеда на буџетски средства за мултиплицирање на административните регистри, поефикасно управување со податоците. Банкарскиот и деловниот сектор преку едношалтерскиот систем исто така добива лесен и брз пристап до финансиските и кредитни информации за нивните клиенти.

Едношалтерскиот систем се состои од три компоненти кои етапно се реализираат и тоа се:

1. компонента за електронско поднесување документација

2. компонента за воведување на "црна листа" на субјекти

3. компонента за електронски систем за стечајни постапки и електронски систем за регистрација на залог и лизинг.

Со цел ефективно и ефикасно унапредување на едношалтерскиот систем, во 2011 година е пуштен во употреба системот за електронска регистрација на правни лица. Преку овој систем подносителите ќе можат да ги спроведат сите типови на уписи во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица без да мораат да дојдат во Централниот регистар.
Со измените и дополнувањата на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица и Законот за трговски друштва од 2013 година воведена е нова категорија на подносител на пријави во единствениот трговски регистар преку системот на е-регистрација "регистрационен агент". Овластување на регистрационен агент може да се издаде на трговско друштво или трговец поединец кое ги исполнува следниве услови:

1. да е регистрирано / регистриран во регистарот на трговци поединци овластени сметководители, односно во регистарот на трговски друштва за вршење на сметководствени работи;

2. да има вработено едно лице кое поседува уверение за овластен сметководител, воедно успешно да ја завршило обуката за користење на Системот за е-регистрација организирана од страна на Централниот регистар;

3. да поседува лиценца за вршење на дејност за сметководствени работи;

4. да има потпишана изјава за заштита на личните податоци;

5. да има потпишано Договор за користење на Системот за е-регистрација.

Во 2014 година е воведен нов систем за електронска регистрација на залог, со која се надградува Заложниот регистар. Со електронскиот залог се овозможува преку електронски пат да се регистрира залогот и да се плати надоместокот, со примена на дигитални сертификати како средство на идентификација на подносителот. Електронскиот залог е спроведен во соработка со Нотарската комора која пак е главен администратор на уписите во Регистарот.

Во насока на зголемување на правната сигурност во Република Македонија, како и заради олеснување на пристапот до кредити за стопанството, а согласно член 50-а и 50-б од Законот за обезбедување на побарувањата, во Централниот регистар на Република Македонија во 2015 година се воспостави и почнаа да функционираат два нови регистри, и тоа *Регистар за продажба со задржување на правото на сопственост* и *Регистарот за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права* (*Фидуцијарен регистар*). Овие регистри овозможуваат евидентирање и објавување на два нови видови на обезбедување на побарувања, што ја зголемува транспарентноста во правниот промет и претставува нова алатка за обезбедување на побарувањата при кредитирањето на бизнисите.

Уписите во овие регистри се вршат врз основа на нотарски солемнизирани договори или нотарски акти за обезбедување на побарувањата, и истите може да се извршат по електронски пат, согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, или пак, во хартиена форма во регионалните регистрациони канцеларии на Централниот регистар, на пропишани обрасци. Уписите во регистрите се од конститутивен карактер, односно договорите произведуваат правно дејство во моментот на впишување во соодветниот регистар, коешто мора да се изврши во рок од пет работни дена од солемнизирањето на договорот, односно составувањето на нотарскиот акт. Во регистрите се поднесуваат и пријави за запишување на промени и бришења што произлегуваат од измени на соодветните договори.

Дополнително, преку постоечките системи се овозможи и поедноставно пребарување во овие регистри и во Заложниот регистар и во Регистарот на лизинг, при што секоја заинтересирана страна сега и по електронски пат, без потреба од доаѓање во некоја

од канцелариите на Централниот регистар, може да добие информација за оптоварени движни предмети по критериум сопственик, предмет или деловоден број на пријавата.

Со воведувањето на овие регистри се воспостави унифицирана правна рамка за обезбедени трансакции што ги опфаќа создавањето, јавноста и извршувањето на функционалните еквиваленти на залогот. Во дизајнирањето на регистрите се следеа најдобрите светски практики, како и методологијата на Светската банка во делот на обезбедените трансакции, модел-законите на Европската банка за реконструкција и развој и препораките на Комисијата за меѓународно трговско право при Обединетите Нации (UNCITRAL). Анализирани беа компаративните искуства од регионот и пошироко, а вклучени беа експерти од Министерството за правда и Министерството за финансии, претставници од судовите и од Нотарската комора на Република Македонија.

Како и минатата година и 2017, според извештајот „Дуинг Бизнис 2017“, Македонија се вбројува во малкуте економии кои успеваат да го постигнат најдоброто од два света: дизајнирање и имплементација на систем за градежни дозволи кој што е истовремено и ефикасен и со добар квалитет. Македонските административни процедури за добивање градежни дозволи имаат високо на ниво на ефикасност односно силна контрола на квалитет и безбедносни механизми, кои што котираат високо на индексот за контрола на квалитет на градење со 14 од можни 15 поени. Сите документи потребни за градежна дозвола се специфицирани и до нив лесно може да се пристапи online – заедно со листа на агенции треба да се посетат односно надоместоци што треба да се платат и кои пред одобренија да се добијат.Сертифициран архитект ги разгледува и одобрува апликациите а задолжителни инспекции се вршат и за време на изградбата и после нејзиното завршување. Истотака во овој процес постојат и јасно дефинирани режими на обврски и услови за осигурување.Македонија заедно со Шведска и Монголија се вбројува во земјите коишто значително го намалиле потребното време за регистрирање фирма. Македонија сега преставува економија којашто овозможи значително полесно започнување на бизнис и воспостави електронска регистација на фирми во еден чекор. Како што беше кажано во еден од погорните делови од овој текст, регистрацијата се прави целосно на електронска платформа преку сертифициран владин агент кој е

овластен да подготви апликација да ја разгледа компанијата и да ги конвертира хартиените документи во дигитален формат. Откако документацијата е подготвена, агентот дигитално ги потпишува извештаите и го поднесува целиот пакет за регистрација до централниот регистар во име на основачите на компанијата.Новиот процес ја елиминираше потребата од нотарски услуги за да се започне бизнис, а со тоа го намали бројот на процедури, време и трошоци за отпочнување. Македонија сега е рангирана како втора во светот по леснотија за започнување бизнис, лоцирајќи се веднаш зад Нов Зеланд.

Овој успех е резултат на внимателно планирани и прецизно обмислени реформи во постапката за регистрирање на трговско друштво и трговец-поединец во Република Македонија, коишто беа спроведени во тесна координација помеѓу Централниот регистар, Владата на Република Македонија и неколку министерства и други владини тела. Со соодветни измени на Законот за трговски друштва и Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, процедурата за отпочнување бизнис се сведе на само еден единствен чекор со посета на едно единствено место, преку постоечкиот систем за е-регистрација на Централниот регистар. Со овие измени се воведе нова категорија на овластени подносители во трговскиот регистар, регистрациони агенти, кои имаат овластување изворно да ги состават пријавата за регистрација и прилозите кон истата, како и да конвертираат документи издадени во хартиена форма од други институции во соодветна електронска форма, и истите да ги потпишат со свој дигитален сертификат и да ги поднесат во име и за сметка на странката. Исто така, регистрационите агенти имаат овластување да го утврдуваат идентитетот на учесниците во постапката, со што целосно се елиминираше потребата од нотарски заверки на актот за основање и на соодветните прилози.

Од март 2014 година, со дополнителни законски измени, основањето фирма преку регистрациони агенти стана и единствен начин на поднесување пријави за упис на основање во Трговскиот регистар.
Дополнително, во насока на поедноставување на постапката за отпочнување бизнис, со соодветни измени на Законот за трговските друштва се елиминираше потребата од задолжителна употреба на официјален печат на правните субјекти во правниот промет. Со

оваа реформа дополнително се поедностави правниот промет во земјата и се елиминира еден цел чекор при процедурата за отпочнување на бизнис – набавувањето на печат.

**Табела 2.2-1 Трошоците поврзани со регистрација на претпријатие :**

Преку системот за електронска регистрација во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица може да се поднесе пријава за упис на основање, промена и бришење. Целата постапка може да се спроведете преку интернет (online), без потреба од доаѓање во канцелариите на Централнот регистар. Системот е достапен 24 часа секој ден.

Упис на основање во електронска форма преку Систем за е-регистрација:

| Упис во регистри | Вкупно |
|---|---|
| Основање | |
| Трговец поединец | 0,00 мкд |
| ДОО/ДООЕЛ | 0,00 мкд |
| АД | 0,00 мкд |

Извор : Централен регистар 2015

Упис на основање во хартиена форма во регистрациони канцеларии на Централен регистар

Табела 2.2-2 Упис во регистри
Трговски регистар и регистар на други правни лица

| Упис во регистри | Регистар | WEB | Едношалтер | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Основање | | | | |
| Трговец поединец | 1,100,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 1,952,00 мкд |
| ДОО/ДООЕЛ | 1,547,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 2,399,00 мкд |
| АД | 3,000,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 3,852,00 мкд |
| Останати | 1,600,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 2,452,00 мкд |

Извор : Централен регистар 2016

## 2.3 Класификација на претпријатијата

Во 2004 година, со измените во Законот за трговски друштва, Македонија ја прифатила методологијата на Комисијата на ЕУ за класификација на претпријатијата според големината. Според оваа методологија, врз основа на три критериуми (број на вработени, големина на обртот и вкупна вредност на деловната актива), претпријатијата се класифицираат на микро, мали, средни и големи. Притоа, првиот критериум од методологијата (број на вработени) се применува и во Македонија (микро до 10 вработени, мали до 50 вработени, средни до 250 вработени и големи над 250 вработени).
Во првата година од работењето трговецот се распоредува според проценетиот обем на своето работење, а во втората според податоците од претходната година на работењето.
Распоредувањето од една во друга класификација на трговец, не може да се врши во текот на годината.

Според Законот за трговски друштва, кој стапи во сила во 2004 година, претпријатијата во Република Македонија мора да се регистрираат во една од следниве правни форми:

- Јавно трговско друштво
- Командитно друштво
- Друштво со ограничена одговорност
- Акционерско друштво
- Командитно друштво со акции

Најголем дел од претпријатијата во Република Македонија се регистрирани како друштва со ограничена одговорност, што значи дека тие се основани од страна на едно (ДООЕЛ) или повеќе физички или правни лица (ДОО). Законот за трговски друштва ја дефинира вредноста на минималниот капитал за претпријатието. Оваа вредност не може да биде помала од 5 000 евра во денарска противвредност. Во согласност со измените и дополнувањата на овој закон, сепак, постои можност минималните барања за основачка главнина да се внесат во форма на средства во текот на првата година од работењето на претпријатието, што всушност значи дека во текот на постапката за регистрација барањата на основачка минимална главнина можат да бидат нула.

## Табела 2.3-1 Класификација на претпријатијата

| Големина на друштвото | ЕУ дефиниција | Закон за трговски друштва 2004 г. (Изменет и дополнет 2013 г.) |
|---|---|---|
| **Микро** | <10 вработени<br>≤ЕУР 2 милиони обрт или биланс на состојба | <10 вработени<br>≤ЕУР 50.000 бруто годишен приход, изразен во МКД |
| **Мало** | 10 до 50 вработени<br>ЕУР 2–10 милиони обрт или биланс на состојба | ≤ 50 вработени, И<br>≥ ЕУР 2 милиони годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 2 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |
| **Средно** | <250 вработени<br>≤ЕУР 50 милиони обрт<br>≤ЕУР 43 милиони биланс на состојба | ≤250 вработени, И<br>≥10 милиони ЕУР годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 11 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |

Класификацијата на претпријатијата во Законот за трговски друштва е подготвена во согласност со дефиницијата која се користи во ЕУ. Сепак, за да се прифати дефиницијата на ЕУ како национална, се направени некои мали корекции во поглед на вредностите во споредба со дефиницијата на ЕУ.

## 3. Претпријатија во Република Македонија - големина и структура

Главен двигател на економијата во нашата земја се приватните претпријатија. Тие се еден од важните сегменти при создавањето на нови работни места, зголемувањето на извозот, создавањето на иновативни производи и услуги, поголема промоција на домашните производи на странските пазари итн. Речиси во сите земји во светот, бројот на МСП изнесува помеѓу 95% и 99% од вкупниот број на приватни претпријатија. За секторот на МСП, од приоритетна важност е да се утврди конзистентна национална политика на поддршка на неговиот непречен развој, заради големата улога и значење во економскиот развој на земјата. Неминовните процеси што се случуваат во окружувањето се карактеризираат со динамични технолошки промени, зголемена глобална конкуренција, неизвесност и ризик што ја иницираат потребата од создавање и развој на мали и средни претпријатија, коишто со својата иновативност, креативност, перманентно зголемување на продуктивноста и флексибилноста, ќе одговараат на новонастанатите услови и значително ќе придонесат за вкупниот општествен развој. Развојот на малите и средни претпријатија (МСП) овозможува да се почувствуваат нивните ефекти што побрзо во: вработувањето, зголемувањето на производството, јакнење на конкуренцијата, социјалниот и воопшто човечкиот развој.

Во секоја динамична економија со оглед на промените во условите на стопанисување и владеењето на пазарните законитости, основниот предуслов за успех е функционирањето на малите и средни претпријатија, што стануваат доминантен сектор, но во никој случај не треба да се занемари и улогата на големите компании за економскиот развој, бидејќи тие и натаму имаат висока ефикасност и продуктивност и голема понуда за освојување на светските пазари. Но, новонастанатите услови наметнуваат сериозни проблеми врз функционирањето на големите компании коишто, ако

сакаат и натаму да опстојуваат, мора да применуваат современи методи на деловно работење коишто пак, се значајно обележје на малите претпријатија. Имено, постојат многу прагматични причини за детерминирање на големината на компании, на пример, потребата за статистичко следење, потребите на сметководствените прописи, даночните прописи и други потреби. Поаѓајќи од фактот дека малите и средни претпријатија се хетерогена група, тешко е да се определи единствен критериум односно единствена комбинација на критериуми, што ќе даде дефинитивен и единствен одговор. Вообичаено, при детерминирањето на големината на компанијата се поаѓа од квантитативниот и квалитативниот пристап. Како најчесто применувани квантитативни критериуми се: големината на продажбата; големината на остварената добивка; големината на средствата; бројот на вработените; пазарното учество на фирмата; степенот на концентрација и сл.

### 3.1 Претпријатија во Република Македонија

Малите и средни претпријатија имаат релевантна улога во економијата на многу земји. Тие претставуваат голем извор на претприемнички способности, иновации, како и вработување.

Создавањето и развојот на МСП е значаен поради тоа што тие се главен генератор на нови работни места, го ангажираат слободниот капитал на граѓаните, ги активираат и вработуваат сите расположливи локални ресурси, се флексибилни во однос на динамичните промени на пазарот, се извор на иновации итн. Економското значење на малите и средни претпријатија е големо и суштествено во вкупниот економски развој на една земја, бидејќи претставуваат еден од основните двигатели за постигнување забрзан економски раст. Ова ја наложува потребата да се посвети одредено внимание на истражување на малите претпријатија, нивниот раст, како и факторите кои влијаат на тој раст

Бројот на регистрирани претпријатија во Македонија од година во

година се зголемува. Најголемиот дел од тие претпријатија спаѓаат во категоријата мали претпријатија. Малите претпријатија

претставуваат важен сегмент во вкупната Национална економска активност. Од табелата 3.1-1 можеме да заклучиме дека во 2017 година бројот на активни субјекти изнесува 71419 при што имаме мало намалување во однос на 2016 каде што беа регистрирани 71519 претпријатија.

**Табела 3.1-1 Број на активни деловни субјекти од 2011-2017 година**

| Година | Број на активни деловни субјекти |
|---|---|
| 2011 | 73118 |
| 2012 | 74424 |
| 2013 | 71290 |
| 2014 | 70659 |
| 2015 | 70139 |
| 2016 | 71519 |
| 2017 | 71419 |

## 3.2 Активни претпријатија по сектори 2017

| Сектори на дејност | | Вкупно Total | % | Број на активни деловни субјекти според бројот на вработените | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 0[1)] | 1-9 | 10-19 | 20-49 | средни 50-249 | големи 250 + |
| | **Вкупно** | **71 419** | **100.0** | **7 888** | **56 658** | **3 188** | **2 067** | **1 382** | **236** |
| А | Земјоделство, шумарство и рибарство | 2 603 | 3.6 | 238 | 2 260 | 41 | 36 | 24 | 4 |
| Б | Рударство и вадење на камен | 201 | 0.3 | 26 | 119 | 28 | 18 | 6 | 4 |
| В | Преработувачка индустрија | 7 885 | 11.0 | 568 | 5 845 | 596 | 468 | 341 | 67 |
| Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 172 | 0.2 | 41 | 113 | 6 | 4 | 4 | 4 |
| Д | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 255 | 0.4 | 22 | 143 | 29 | 23 | 28 | 10 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ѓ | Градежништво | 4 814 | 6.7 | 441 | 3 809 | 303 | 184 | 67 | 10 |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 23 337 | 32.7 | 1 859 | 20 075 | 839 | 397 | 144 | 23 |
| Ж | Транспорт и складирање | 5 732 | 8.0 | 386 | 4 839 | 297 | 148 | 53 | 9 |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4 559 | 6.4 | 430 | 3 623 | 331 | 137 | 38 | 0 |
| S | Информации и комуникации | 1 689 | 2.4 | 341 | 1 104 | 128 | 73 | 38 | 5 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 427 | 0.6 | 57 | 295 | 23 | 22 | 21 | 9 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 566 | 0.8 | 170 | 358 | 17 | 14 | 6 | 1 |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 6 948 | 9.7 | 667 | 5 994 | 191 | 82 | 12 | 2 |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 1 698 | 2.4 | 573 | 951 | 71 | 47 | 37 | 19 |
| Љ | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 268 | 0.4 | 3 | 23 | 42 | 88 | 85 | 27 |
| М | Образование | 1 184 | 1.7 | 89 | 555 | 52 | 167 | 316 | 5 |
| Н | Дејности на здравствена и социјална заштита | 3 319 | 4.6 | 64 | 2 908 | 103 | 93 | 127 | 24 |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 1 335 | 1.9 | 506 | 698 | 40 | 47 | 32 | 12 |
| О | Други услужни дејности | 4 427 | 6.2 | 1 407 | 2 946 | 51 | 19 | 3 | 1 |

*Табела 3.2-1 Активни претпријатија по сектори*

Од вкупниот број на претпријатија, најмногубројни се претпријатијата кои што се занимаваат со трговија на големо и трговија на мало и тоа **23 337** претпријатија. Иако со значителен помал број на претпријатија, преработувачката индустрија брои **7 885** активни претпријатија, додека на трето место е секторот за стручни, научни и техничкидејности со **6 948** активни претпријатија или 8,92% од вкупниот број на активни претпријатија.

Најголем број на средни активни претпријатија се од секторот преработувачка индустрија со **341** активни претпријатија од вкупниот број на средни активни претпријатија за 2017 година,

понатаму секторот за образовна дејност во кој бројот на активни средни претпријатија изнесува **316** и секторот трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со **144** активни претпријатија од вкупниот број на средни активни претпријатија.

Состојбата кај големите активни претпријатија е слична со состојбата кај средните активни претпријатија. Преработувачката индустрија брои најголем процент на претпријатија или **67** активни претпријатија, понатаму секторот за јавна управа и одбрана со **27** големо активно претпријатие и секторот за дејности на здравствена и социјална заштита бројат **24** активни претпријатија од вкупниот број на големи активни претпријатија.

**Табела 3.2-2 Број на новорегистрирани претпријатија од (2007-2017)**

| **Година** | **Број на новорегистрирани претпријатија од 2007-2017** |
|---|---|
| 2007 | 8728 |
| 2008 | 10279 |
| 2009 | 10646 |
| 2010 | 8725 |
| 2011 | 7378 |
| 2012 | 6715 |
| 2013 | 6114 |
| 2014 | 6396 |
| 2015 | 6380 |
| 2016 | 6723 |
| 2017 | 6028 |

Извор: Централен регистар на РМ

Со Законот за едношалтерски систем и водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, којшто стапи на сила од 01.01.2006 година, започна функционирањето на едношалтерски како интегрален дел од Централниот Регистар. Овој систем ќе одигра значајна улога во протокот на информации и процедури

преку обезбедување на разновидни услуги за корисниците кои ке може да ги добијат на едно место, при што значително намалувајќи ги можностите за доцнење и корупција, а истовремено зголемувајки ја одговорноста и транспарентноста на администрацијата. Според прикажаните податоците за едно-шалтерскиот систем, можеме да забележиме дека бројот на новорегистрирани компании во 2017 изнесува 6028 компании т.е претпријатија.

Бројот на регистрирани МСП во 2017 година согласно податоците од годишна сметка изнесува 492, според податоците добиени од ЦРМ.

## 3.3 Функција на едношалтерски систем

Преку едношалтерскиот систем се овозможува:

1) обезбедување на податоци кои се задолжителни за почеток на
работењето на субјектите на упис;

2) обединување на сите правно релевантни податоци во едно решение правно валидно за почеток на работењето и остварување на правата на одреден субјект и достапност на податоците;

3) достапност до уписите во основните и посебните регистри или бази на податоци коишто согласно со закон се водат во Република Македонија или надвор од неа кога тоа е од значење за воспоставување и функционирање на едношалтерскиот систем и

4) користење на податоци од субјекти кои врз договорна основа внесуваат одредени податоци од значење за едношалтерскиот систем.

### 3.3.1 Работи кои се вршат преку едношалтерскиот систем

Централниот регистар преку едношалтерскиот систем врши:

-определување и доделување на единствен матичен број
на субјектот на уписот (ЕМБС);

-определување на назив и шифра на регистрираната претежна дејност според НКД;

-определување на шифра на организациониот облик на субјектот;
-внесување на единствениот даночен број (ЕДБ) на субјектот на упис;
-внесување на сметка од банка по избор на субјектот на упис и
- други податоци од значење на субјектот на упис.

## 4. МСП и надворешна трговија

Малите и средни претпријатија (до 249 вработени), се сметаат за мотор на економијата на Европската унија (ЕУ), создавајќи работни места и поддржувајќи го економскиот раст. Според новите податоци на „Еуростат", сепак тие значително придонесуваат и за трговијата во рамките на Унијата.

Постојат повеќе главни начини зошто малите и средни претпријатија извозуваат, а тие се - директен извоз, индиректно преку склучување поддоговори со извозно ориентирани големи компании, посредно, преку продажба на производи на странски туристи и индиректно преку производство на определени компоненти или полупроизводи за големите претпријатија (правни лица) кои ги продаваат на странски туристи.

МСП имаат голем број на корисности од извозот, како резултат на извозната активност вршат диверзификација на своето работење, а истовремено и се изолираат од периодите на забавен раст на домашната економија, па затоа извозната ориентација е клучна компонента на нивните стратегии за развој.

Како што наведуваат Karpak, B. & Topcu, L.,139[1] малите и средни претпријатија имаат сè подоминантна улога во развојот на националната економија. Како резултат на процесите на глобализација, либерализацијата на условите за тргување и предностите на информациската технологија учеството на МСП на меѓународниот пазар е поголемо од кога било досега. Со оглед на тоа дека голем дел од МСП се проширија и на странските пазари,

[1] 139Karpak, B. & Topcu, L., "Small medium manufacturing enterprises in Turkey: An analytic network process framework for prioritizing factors affecting success" ,International Journal Production Economics, Vol. 125, pp. 60–70, 2010.

постои зголемен интерес во областа на истражувањето на интернационализацијата и перформансите на малите и средни претпријатија. Кога станува збор за детерминирањето на перформансите на извозот на малите и средни претпријатија може да се каже дека не постои единствен пристап. Оттука, според одделни автори, тие се групираат во: продажба, профит, раст, успех, сатисфакција, постигнување на цели и мешовити облици.

Вкупната трговска размена во 2017 година меѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ изнесува 13 391 318 илјади долари ($), од кои 5, 6 милијарди долари ($) му припаѓаат на извозот, додека увозното салдо изнесува 7,7милијарди долари ($).

Во 2016 година вкупната трговска размена меѓу Република Македонија и земјите од ЕУ изнесуваше 8 милијарди долари ($), од кои 3,82 милијарди долари ($) припаѓаат на извозот, додека увозното салдо изнесуваше 4,18 милијарди долари ($).




*Графикон 4-1 Вкупна трговска размена меѓу РМ и ЕУ*

Според претходните податоци на Државниот завод за статистика, вкупната вредност на извозот на стоки од Република Македонија, во периодот јануари-декември 2017 година, изнесува 308 341 881 илјада денари и бележи пораст од 15.6% во однос на истиот период од претходната година. Вредноста на увезената стока, во периодот

јануари-декември 2017 година, изнесува 420 245 581 илјада денари, што е за 11.7% повеќе во споредба со истиот период од претходната година. Трговскиот дефицит, во периодот јануари-декември 2017 година, изнесува 111 903 700 илјади денари, додека пак покриеноста на увозот со извоз, во периодот јануари-декември 2017, изнесува 73.4%.

Трговската размена по производи покажува дека во извозот е најголемо учеството на катализаторите на носачи со благородни метали или нивни соединенија, сетовите на проводници за палење и слично, за возила, авиони или бродови, моторните возила за превоз на 10 или повеќе лица, вклучувајќи го и возачот, со мотор со внатрешно согорување со палење со помош на компресија (дизел или полудизел) и облеката. Во увозот најмногу се застапени платината и легурите на платина, необработени или во прав, нафтените масла и маслата добиени од битуменозни минерали (освен сурови), другите метали од платинската група и нивни легури, необработени или во облик на прав и плоснатовалаНите производи од железо или нелегиран челик, неплатинирани или необложени, обработувани не повеќе од топловаланите со ширина од 600мм или повеќе, намотани.

Во периодот јануари-декември 2017 година, според вкупниот обем на надворешнотрговската размена, Република Македонија најмногу тргувала со Германија, Велика Британија, Грција, Србија и Бугарија.

**Табела 4-1 – Обем на размена I-XII 2017**

| **Обем на размената, I-XII 2017** | **Покриеност на увозот со извоз** |
|---|---|
| 728 587 461 илјада денари | 73.4% |
| 11 832 112 илјади евра | 73.4% |
| 13 391 318 илјади долари | 73.5% |

Согласно наведеното, во насока на создавање поголема конкурентност, секоја земја треба да се специјализира за производство и извоз на оние производи што можат да бидат најефикасно произведени во таа земја, а да се увезуваат производи што можат да бидат најефикасно произведени во друга земја.

Според дефиницијата на државниот завод за статистика, статистиката на стоковната размена се базира врз принципот на специјална трговија според кој во извозот се опфаќа сета стока извезена во странство и во странските царински складишта и комерцијалните слободни зони што е од домашно потекло, просториите за внатрешно облагородување и индустриските слободни зони.

Во увозот се опфаќаат сите стоки, без разлика дали се увезени директно од странство, од царински транзит или од царински складишта и комерцијални слободни зони, а се наменети за производство, инвестиции или широка потрошувачка.

**Табела 4-2: Стоковна размена на РМ со странство, јануари — декември 2017 - Претходни податоци**

| | Денари | | | САД долари | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | илјади | | | | | |
| | XI 2017 | XII 2017 | I-XII 2017 | XI 2017 | XII 2017 | I-XII 2017 |
| **Обем на размената** | **66 184 027** | **63 165 189** | **728 587 461** | **1 263 928** | **1 214 399** | **13 391 318** |
| **Обем - лон** | **9 833 489** | **9 019 212** | **105 685 858** | **188 028** | **173 700** | **1 945 764** |
| Извоз | 27 707 096 | 24 868 616 | 308 341 881 | 529 551 | 478 319 | 5 671 466 |
| Извоз - лон | 5 592 444 | 5 012 123 | 60 603 987 | 107 002 | 96 633 | 1 116 465 |
| Увоз | 38 476 931 | 38 296 572 | 420 245 581 | 734 377 | 736 080 | 7 719 852 |
| Увоз - лон | 4 241 044 | 4 007 089 | 45 081 872 | 81 026 | 77 067 | 829 299 |
| **Покриеност на увозот со извоз** | **72.0** | **64.9** | **73.4** | **72.1** | **65.0** | **73.5** |

*Извор : Народна банка на РМ*

Според податоците прикажани во Табела 4-2 може да се забележи дека вкупната вредност на извозот на стоки од Република Македонија, во периодот јануари-декември 2017 година, изнесува 308 341 881 илјади денари и бележи пораст од **15,6%** во однос на истиот период од претходната година. Вредноста на увезената стока, во периодот јануари-декември 2017 година, изнесува 420 245 581 илјади денари, што е за **11,7%** повеќе во споредба со истиот период од претходната година.

**Табела 4-3 : Стоковна размена на РМ со странство според секторите на СМТК[1)]**
**- Претходни податоци**

| | Валута | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади | | индекси | илјади | | индекси |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017 ----------- I-XII 2016 | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017 ----------- I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **266 650 320** | **308 341 881** | **115.6** | **376 130 328** | **420 245 581** | **111.7** |
| | **долари** | **4 787 199** | **5 671 466** | **118.5** | **6 757 450** | **7 719 852** | **114.2** |
| Храна и живи животни | денари | 19 372 919 | 18 888 467 | 97.5 | 34 139 264 | 37 251 922 | 109.1 |
| | долари | 348 568 | 347 380 | 99.7 | 613 017 | 683 983 | 111.6 |
| Пијалаци и тутун | денари | 10 936 191 | 12 182 267 | 111.4 | 4 487 464 | 4 607 814 | 102.7 |
| | долари | 196 211 | 225 623 | 115.0 | 80 815 | 84 660 | 104.8 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | денари | 11 545 562 | 17 624 579 | 152.7 | 7 837 778 | 10 662 670 | 136.0 |
| | долари | 207 185 | 323 799 | 156.3 | 140 732 | 195 674 | 139.0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Минерални горива, мазива и сродни производи | денари | 3 067 555 | 4 639 438 | 151.2 | 33 754 260 | 41 058 915 | 121.6 |
| | долари | 54 939 | 85 482 | 155.6 | 605 617 | 752 380 | 124.2 |
| Животински и растителни масла, масти и восоци | денари | 1 131 516 | 374 380 | 33.1 | 3 280 009 | 2 709 624 | 82.6 |
| | долари | 20 430 | 6 894 | 33.7 | 58 982 | 49 788 | 84.4 |
| Хемиски и сродни производи, н.н. | денари | 63 856 229 | 73 946 517 | 115.8 | 44 578 191 | 47 137 906 | 105.7 |
| | долари | 1 146 914 | 1 358 628 | 118.5 | 801 156 | 865 576 | 108.0 |
| Производи класирани според материјалот | денари | 38 364 840 | 41 541 283 | 108.3 | 140 001 119 | 156 871 544 | 112.1 |
| | долари | 688 742 | 763 602 | 110.9 | 2 517 606 | 2 881 180 | 114.4 |
| Машини и транспортни уреди | денари | 74 203 502 | 90 895 607 | 122.5 | 80 210 054 | 90 684 234 | 113.1 |
| | долари | 1 331 718 | 1 671 868 | 125.5 | 1 439 564 | 1 668 274 | 115.9 |
| Разни готови производи | денари | 43 920 969 | 47 986 522 | 109.3 | 27 387 734 | 28 801 996 | 105.2 |
| | долари | 787 947 | 883 262 | 112.1 | 491 907 | 529 895 | 107.7 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | денари | 251 037 | 262 821 | 104.7 | 454 455 | 458 955 | 101.0 |
| | долари | 4 546 | 4 927 | 108.4 | 8 054 | 8 442 | 104.8 |

1) Стандардна меѓународна трговска класификација, рев.4
Извор : Народна банка на РМ

**Табела 4-4 : Стоковна размена според економските групации на земјите[1)]**
**- Претходни податоци**

| | Валута Currency | Извоз / Export | | | Увоз / Import | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади / thousand | | индекси indices | илјади / thousand | | индекси indices |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017 ---------- I-XII 2016 | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017 ---------- I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **266 650 320** | **308 341 881** | **115.6** | **376 130 328** | **420 245 581** | **111.7** |
| | **долари** | **4 787 199** | **5 671 466** | **118.5** | **6 757 450** | **7 719 852** | **114.2** |
| ЕУ 28 | денари | 213 055 783 | 250 076 876 | 117.4 | 233 047 861 | 264 288 608 | 113.4 |
| | долари | 3 824 968 | 4 598 644 | 120.2 | 4 188 937 | 4 857 537 | 116.0 |
| ЕФТА | денари | 1 873 565 | 2 086 537 | 111.4 | 3 777 960 | 3 828 725 | 101.3 |
| | долари | 33 679 | 38 428 | 114.1 | 67 981 | 70 167 | 103.2 |
| Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати | денари | 417 617 | 643 346 | 154.1 | 1 957 328 | 1 426 979 | 72.9 |
| | долари | 7 464 | 11 751 | 157.4 | 35 216 | 26 148 | 74.3 |
| Западен Балкан | денари | 33 169 220 | 36 118 823 | 108.9 | 36893 367 | 40250 018 | 109.1 |
| | долари | 596 099 | 666 114 | 111.7 | 662 405 | 740 416 | 111.8 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Северноамериканска зона на слободна трговија | денари | 3 256 542 | 3 455 856 | 106.1 | 9 638 594 | 11021 722 | 114.3 |
| | долари | 58 288 | 64 141 | 110.0 | 173 251 | 202 551 | 116.9 |
| Организација за економска соработка на земјите од Азиско-пацифичкиот регион | денари | 3 032 783 | 3 804 285 | 125.4 | 28075 816 | 30096 354 | 107.2 |
| | долари | 54 173 | 69 101 | 127.6 | 503 433 | 552 919 | 109.8 |
| Заедница на независни држави | денари | 3 522 722 | 3 862 125 | 109.6 | 11014 884 | 12865 257 | 116.8 |
| | долари | 63 180 | 70 747 | 112.0 | 197 744 | 234 925 | 118.8 |
| Останати земји, неспоменати на друго место | денари | 8 322 087 | 8 294 034 | 99.7 | 51724 518 | 56467 918 | 109.2 |
| | долари | 149 348 | 152 540 | 102.1 | 928 483 | 1 035 188 | 111.5 |

1) Применета е ревидирана економска групација на земјите подготвена според Геономенклатурата на ЕУ - Номенклатура на земји и територии за статистиката на стоковната размена на Унијата и статистиката на стоковната размена помеѓу земјите-членки на Унијата Извор : Народна банка на РМ

## Табела 4-5 : Земји со најголем обем на размена со Република Македонија[1)]
## - Претходни податоци

| | Валута | Обем | | | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади | | индекси | илјади | | индекси | илјади | | индекси |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>-----------<br>I-XII 2016 | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>-----------<br>I-XII 2016 | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>-----------<br>I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **642 780 648** | **728 587 461** | **113.3** | **266 650 320** | **308 341 881** | **115.6** | **376 130 328** | **420 245 581** | **111.7** |
| | **долари** | **11 544 649** | **13 391 318** | **116.0** | **4787 199** | **5671 466** | **118.5** | **6 757 450** | **7 719 852** | **114.2** |
| Германија | денари | 171 491 520 | 194 251 488 | 113.3 | 125280 341 | 144 763 593 | 115.6 | 46 211 179 | 49 487 895 | 107.1 |
| | долари | 3 078 539 | 3 572 736 | 116.1 | 2 248 626 | 2 662 467 | 118.4 | 829 913 | 910 270 | 109.7 |
| Велика Британија | денари | 43 566 368 | 46 703 898 | 107.2 | 3 245 043 | 4 178 353 | 128.8 | 40 321 325 | 42 525 545 | 105.5 |
| | долари | 785 199 | 856 997 | 109.1 | 58 369 | 76 821 | 131.6 | 726 830 | 780 176 | 107.3 |
| Грција | денари | 36 798 629 | 44 712 250 | 121.5 | 9 100 420 | 11 088 049 | 121.8 | 27 698 209 | 33 624 201 | 121.4 |
| | долари | 660 518 | 821 466 | 124.4 | 163 327 | 203 513 | 124.6 | 497 191 | 617 953 | 124.3 |
| Србија | денари | 40 280 415 | 43 615 421 | 108.3 | 11 963 453 | 13 495 674 | 112.8 | 28 316 962 | 30 119 747 | 106.4 |
| | долари | 723 070 | 802 878 | 111.0 | 214 809 | 249 053 | 115.9 | 508 261 | 553 826 | 109.0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бугарија | денари | 31 081 387 | 36 129 345 | 116.2 | 13 733 997 | 18 076 453 | 131.6 | 17 347 391 | 18 052 892 | 104.1 |
| | долари | 558 190 | 664 996 | 119.1 | 246 502 | 332 915 | 135.1 | 311 688 | 332 081 | 106.5 |
| Италија | денари | 31 192 850 | 33 308 167 | 106.8 | 9 757 129 | 10 065 392 | 103.2 | 21 435 722 | 23 242 774 | 108.4 |
| | долари | 560 103 | 612 410 | 109.3 | 175 225 | 185 256 | 105.7 | 384 878 | 427 154 | 111.0 |
| Кина | денари | 26 177 116 | 27 601 320 | 105.4 | 2 677 568 | 3 435 092 | 128.3 | 23 499 548 | 24 166 228 | 102.8 |
| | долари | 469 037 | 506 260 | 107.9 | 47 810 | 62 257 | 130.2 | 421 227 | 444 004 | 105.4 |
| Турција | денари | 23 388 548 | 24 777 095 | 105.9 | 3 937 504 | 4 799 751 | 121.9 | 19 451 044 | 19 977 344 | 102.7 |
| | долари | 419 987 | 455 794 | 108.5 | 70 721 | 88 596 | 125.3 | 349 265 | 367 198 | 105.1 |
| Романија | денари | 19 384 548 | 23 041 137 | 118.9 | 7 502 710 | 9 586 972 | 127.8 | 11 881 838 | 13 454 164 | 113.2 |
| | долари | 348 567 | 422 036 | 121.1 | 134 712 | 175 969 | 130.6 | 213 854 | 246 067 | 115.1 |
| Белгија | денари | 15 820 565 | 18 187 635 | 115.0 | 10 528 189 | 10 946 498 | 104.0 | 5 292 377 | 7 241 137 | 136.8 |
| | долари | 284 508 | 334 122 | 117.4 | 189 267 | 200 673 | 106.0 | 95 241 | 133 448 | 140.1 |
| Унгарија | денари | 10 308 192 | 15 913 772 | 154.4 | 2 515 681 | 4 648 220 | 184.8 | 7 792 510 | 11 265 551 | 144.6 |
| | долари | 185 193 | 293 282 | 158.4 | 45 062 | 85 784 | 190.4 | 140 131 | 207 499 | 148.1 |
| Полска | денари | 8 424 690 | 15 258 458 | 181.1 | 1 803 094 | 3 203 874 | 177.7 | 6 621 596 | 12 054 584 | 182.0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | долари | 151 436 | 281 306 | 185.8 | 32 434 | 58 775 | 181.2 | 119 001 | 222 531 | 187.0 |
| Косово | денари | 13 458 334 | 14 267 824 | 106.0 | 11 614 801 | 12 241 834 | 105.4 | 1 843 533 | 2 025 990 | 109.9 |
| | долари | 242 045 | 262 843 | 108.6 | 208 897 | 225 582 | 108.0 | 33 149 | 37 261 | 112.4 |
| Јужна Африка | денари | 10 028 752 | 13 699 108 | 136.6 | 372 649 | 30 431 | 8.2 | 9 656 103 | 13 668 677 | 141.6 |
| | долари | 179 704 | 250 659 | 139.5 | 6 719 | 563 | 8.4 | 172 985 | 250 096 | 144.6 |
| Словенија | денари | 11 399 157 | 12 704 505 | 111.5 | 3 671 907 | 4 137 876 | 112.7 | 7 727 251 | 8 566 630 | 110.9 |
| | долари | 204 662 | 233 373 | 114.0 | 65 881 | 76 053 | 115.4 | 138 781 | 157 320 | 113.4 |
| САД | денари | 11 178 939 | 12 592 210 | 112.6 | 2 838 384 | 2 990 199 | 105.3 | 8 340 554 | 9 602 011 | 115.1 |
| | долари | 200 688 | 231 942 | 115.6 | 50 763 | 55 547 | 109.4 | 149 925 | 176 395 | 117.7 |
| Австрија | денари | 9 711 314 | 11 125 634 | 114.6 | 2 404 091 | 3 834 647 | 159.5 | 7 307 223 | 7 290 988 | 99.8 |
| | долари/dollars | 174 560 | 205 288 | 117.6 | 43 177 | 71 196 | 164.9 | 131 383 | 134 092 | 102.1 |
| Русија | денари | 10 693 461 | 11 158 072 | 104.3 | 2 733 852 | 2 945 548 | 107.7 | 7 959 609 | 8 212 523 | 103.2 |
| | долари | 191 916 | 202 621 | 105.6 | 48 953 | 54 127 | 110.6 | 142 963 | 148 494 | 103.9 |
| Хрватска | денари | 10 638 909 | 10 427 231 | 98.0 | 4 971 155 | 4 730 149 | 95.2 | 5 667 754 | 5 697 083 | 100.5 |
| | долари | 191 155 | 191 665 | 100.3 | 89 276 | 86 908 | 97.3 | 101 879 | 104 757 | 102.8 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Шпанија | денари | 10 612 040 | 10 409 063 | 98.1 | 6 543 178 | 5 856 359 | 89.5 | 4 068 862 | 4 552 704 | 111.9 |
| | долари | 190 352 | 190 830 | 100.3 | 117 303 | 107 377 | 91.5 | 73 048 | 83 453 | 114.2 |

1) Прикажани се првите 20 земји според обемот на размената во периодот јануари — декември 2017 година
Извор : Народна банка на РМ

Низ годините наназад може да се забележи дека Германија е најстабилниот и најголемиот трговски партнер на земјава. Таа и во 2017 останува неприкосновено на првото место од сите држави со кои Македонија најмногу тргува. Во периодот од јануари до декември со оваа европска земја тргувани се 26.7% од вкупниот обем на тргувани производи со странство, со цена од 194 251 488 денари, потоа се наоѓаат Велика Британија, Грција, Србија,Бугарија и Италија, но со значително помал обем на тргување, кој конкретно е прикажан на графиконот Т4-5-1 подолу.




*Извор:Народна банка на РМ*

**Графикон Т 4-5-1 – Земји кои имаат најголем обем на трговија со РМ**

## 4.1 Извоз од Република Македонија

**Табела 4.1-1**
**10 Земји во кои македонските претпријатија најмногу извезуваа во 2017**

| | Валута | Извоз | | |
|---|---|---|---|---|
| | | илјади | | индекси |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017 ----------- I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **266 650 320** | **308 341 881** | **115.6** |
| | **долари** | **4 787 199** | **5 671 466** | **118.5** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Германија | денари | 125 280 341 | 144 763 593 | 115.6 |
| | долари | 2 248 626 | 2 662 467 | 118.4 |
| Велика Британија | денари | 3 245 043 | 4 178 353 | 128.8 |
| | долари | 58 369 | 76 821 | 131.6 |
| Грција | денари | 9 100 420 | 11 088 049 | 121.8 |
| | долари | 163 327 | 203 513 | 124.6 |
| Србија | денари | 11 963 453 | 13 495 674 | 112.8 |
| | долари | 214 809 | 249 053 | 115.9 |
| Бугарија | денари | 13 733 997 | 18 076 453 | 131.6 |
| | долари | 246 502 | 332 915 | 135.1 |
| Италија | денари | 9 757 129 | 10 065 392 | 103.2 |
| | долари | 175 225 | 185 256 | 105.7 |
| Кина | денари | 2 677 568 | 3 435 092 | 128.3 |
| | долари | 47 810 | 62 257 | 130.2 |
| Турција | денари | 3 937 504 | 4 799 751 | 121.9 |
| | долари | 70 721 | 88 596 | 125.3 |
| Романија | денари | 7 502 710 | 9 586 972 | 127.8 |
| | долари | 134 712 | 175 969 | 130.6 |
| Белгија | денари | 10 528 189 | 10 946 498 | 104.0 |
| | долари | 189 267 | 200 673 | 106.0 |

*Извор : Народна банка на РМ*

Согледувајки ги податоците од горенаведената Табела 4.1-1 и Графикон 4-2 подолу, можеме да констатираме дека позитивниот тренд на зголемување на извозот се задржува и во 2017 година, каде се бележи зголемување од околу 13.6%, при што приматот го задржуваат Германија, Бугарија, и Србија како земји во кои Р.М. најмногу извезува.




**Графикон Т 4.1-1/1Земји во кои РМ најмногу извезува**

Според статистиката, дури **46.95% од вкупниот извоз** на Македонија, е насочен кон **Германија**. РМ, генерално, се држи до традиционалните пазари и многу ретко доаѓа до поголеми промени меѓу нашите најголеми трговски партнери. Најголем дел од производите што ги извезуваме завршуваат во земји на ЕУ, а се гледа и дека извозот кон традиционалните пазари од година во година расте, за сметка на останатите земји. По Германија следуваат Бугарија, со 5.86% од вкупниот извоз од Македонија, како втора по ред земја во која извезуваме, а третото место и припаѓа на земја која не е членка на ЕУ, Србија со 4.37%. Потоа следуваат Грција, Белгија и Италија со 3.59%, 3.55% односно 3.26%.

## 4.2 Увоз во Република Македонија

Во врска со увозот според вредноста на увезената стока, во истиот период,изнесува 6 757 6450 илјади долари, што е за 5.7% повеќе во споредба со истиот период од претходната година. На графиконот **Т 4.2-1/1** прикажан подолу, процентуално се прикажани Германија, Велика Британија, Србија, Грција и Кина како најголеми трговски партнери од кој увезува нашата држава.

**Табела 4.2-1**
**10 Земји во кои македонските претпријатија најмногу увезуваа во 2017**

| | Валута | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|
| | денари/долари | илјади | | индекс |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>-----------<br>I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **376 130 328** | **420 245 581** | **111.7** |
| | **долари** | **6 757 450** | **7 719 852** | **114.2** |
| Германија | денари | 46 211 179 | 49 487 895 | 107.1 |
| | долари | 829 913 | 910 270 | 109.7 |
| Велика Британија | денари | 40 321 325 | 42 525 545 | 105.5 |
| | долари | 726 830 | 780 176 | 107.3 |
| Грција | денари | 27 698 209 | 33 624 201 | 121.4 |
| | долари | 497 191 | 617 953 | 124.3 |
| Србија | денари | 28 316 962 | 30 119 747 | 106.4 |
| | долари | 508 261 | 553 826 | 109.0 |
| Бугарија | денари | 17 347 391 | 18 052 892 | 104.1 |
| | долари | 311 688 | 332 081 | 106.5 |
| Италија | денари | 21 435 722 | 23 242 774 | 108.4 |
| | долари | 384 878 | 427 154 | 111.0 |
| Кина | денари | 23 499 548 | 24 166 228 | 102.8 |
| | долари | 421 227 | 444 004 | 105.4 |
| Турција | денари | 19 451 044 | 19 977 344 | 102.7 |
| | долари | 349 265 | 367 198 | 105.1 |
| Романија | денари | 11 881 838 | 13 454 164 | 113.2 |
| | долари | 213 854 | 246 067 | 115.1 |
| Белгија | денари | 5 292 377 | 7 241 137 | 136.8 |
| | долари | 95 241 | 133 448 | 140.1 |

*Извор : Народна банка на РМ*




**Графикон Т 4.2-1/1 – Увоз**

Германија, заедно со Велика Британија, Грција, Србија и Кина се најголемите 5 трговски партнери на македонските претпријатија, на кои припаѓаат скоро 43% од вкупно увезените добра и услуги за 2017 година.

**Табела 4.2-2 : Стоковна размена според Класификацијата на производите по дејности, КПД[1)]**
**- Претходни податоци**

| | Валута | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади | | индекси | илјади | | индекси |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>----------<br>I-XII 2016 | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>----------<br>I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **266 650 320** | **308 341 881** | **115.6** | **376 130 328** | **420 245 581** | **111.7** |
| | **долари** | **4 787 199** | **5 671 466** | **118.5** | **6 757 450** | **7 719 852** | **114.2** |
| Земјоделски производи, производи на шумарството и риболовот | денари | 14 139 863 | 14 792 644 | 104.6 | 8 962 255 | 8 145 342 | 90.9 |
| | долари | 254 641 | 273 824 | 107.5 | 160 813 | 148 788 | 92.5 |
| Рударство и вадење на камен | денари | 7 638 901 | 12 674 330 | 165.9 | 5 380 997 | 6 903 642 | 128.3 |
| | долари | 136 919 | 233 346 | 170.4 | 96 578 | 125 005 | 129.4 |
| Производи на преработувачката индустрија | денари | 241 212 991 | 275 379 626 | 114.2 | 353 619 097 | 393 605 050 | 111.3 |
| | долари | 4 330 000 | 5 063 486 | 116.9 | 6 353 733 | 7 233 963 | 113.9 |
| Електрична енергија, гас, пареа и климатизација | денари | 518 482 | 1 507 479 | 290.7 | 5 166 553 | 6 846 077 | 132.5 |
| | долари | 9 206 | 27 816 | 302.2 | 92 743 | 124 673 | 134.4 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; ракување со отпад и дејности за санација на околината | денари | 2 738 984 | 3 357 495 | 122.6 | 1 690 886 | 3 533 982 | 209.0 |
| | долари | 49 221 | 61 320 | 124.6 | 30 240 | 65 198 | 215.6 |
| Останати | денари | 401 099 | 630 307 | 157.1 | 1 310 540 | 1 211 487 | 92.4 |
| | долари | 7 212 | 11 675 | 161.9 | 23 343 | 22 224 | 95.2 |

[1)] Класификација на производите по дејности (КПД 2015)

*Извор : Народна банка на РМ*

**Табела 4.2-3: Стоковна размена според основните економски категории[1)]**
**- Претходни податоци**

| | Валута | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади | | индекси | илјади | | индекси |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>----------<br>I-XII 2016 | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017<br>----------<br>I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **266 650 320** | **308 341 881** | **115.6** | **376 130 328** | **420 245 581** | **111.7** |
| | **долари** | **4 787 199** | **5 671 466** | **118.5** | **6 757 450** | **7 719 852** | **114.2** |
| Капитални производи | денари | 43 491 517 | 45 586 068 | 104.8 | 39 717 945 | 38 855 584 | 97.8 |
| | долари | 780 920 | 836 086 | 107.1 | 712 795 | 714 878 | 100.3 |
| Интермедијарни производи | денари | 154 775 462 | 193 161 744 | 124.8 | 251 758 007 | 291 116 286 | 115.6 |
| | долари | 2 778 130 | 3 555 030 | 128.0 | 4 524 427 | 5 345 885 | 118.2 |
| Производи за широка потрошувачка | денари | 68 004 115 | 69 141 327 | 101.7 | 72 600 456 | 77 001 751 | 106.1 |
| | долари | 1 221 310 | 1 271 878 | 104.1 | 1 303 767 | 1 414 801 | 108.5 |
| Останати производи, неспоменати на друго место | денари | 379 225 | 452 742 | 119.4 | 12 053 920 | 13 271 960 | 110.1 |
| | долари | 6 838 | 8 472 | 123.9 | 216 461 | 244 287 | 112.9 |

[1)] Класификација според основните економски категории (ОЕК)
*Извор : Народна банка на РМ*

Вредноста на стоката е искажана врз основа на цените што ги постигнале претпријатијата при склучување на договорите, додека вредноста во националната валута се рекалкулира во долари според дневен курс (среден просечен курс на Народната банка на Македонија) на денот на прифаќањето на царинската декларација.

Македонија е потписник на неколку мултилатерални договори за слободна трговија од кои поважни се: ЦЕФТА, Спогодбата за асоцијација и стабилизација (SAA) потпишан со земјите-членки на ЕУ од аспект на трговија и на инвестиции и Европската асоцијација за слободна трговија (EFTA) чии што членови денес се Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн. Со потпишувањето на овој вид трговски договори, Р.Македонија доби поповолна позиција на пазарот на Европската унија, односно целосна либерализација за

домашните производи за влез на тој пазар и либерализација на производите од ЕУ на нашиот пазар.

Централно европскиот договор за слободна трговија функционира одлично и покрај политичките проблеми. Во либерализацијата на економијата вистинско достигнување има меѓу земјите членки. Во текот на кризата регионалната трговија не трпеше многу и може да се каже дека регионалната трговија беше многу повитална. Потребно е да се отстранат бариерите за трговија во ЦЕФТА земјите. Административните пречки, сложени, скапи и долги инспекциски процедури, заштитни мерки за увоз се само дел од проблемите. Податоците на Стопанската комора на Македонија говорат дека ЦЕФТА е втор надворешно-трговски партнер на Македонија, регион со кој имаме трговски суфицит. Тоа е добро, но не е добро што извозната структура се базира на производи без значајна додадена вредност. Македонија тргува со производи од црната и обоената металургија, горивата, неметалните производи, прехранбените и земјоделски производи, хемиски производи и производи од металопреработувачката индустрија. Иако македонските производи сѐ уште заостануваат зад европските, нивната конкурентност од година во година година се зголемува со имплементација на нови стандарди во нашето законодавство, и со програми за поддршка на конкурентноста.

**Табела 4.2-4: Стоковна размена според Класификацијата на производите по дејности, КПД[1)]**

| | Валута Currency | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади | | индекси | илјади | | индекси |
| | | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017 ----------- I-XII 2016 | I-XII 2016 | I-XII 2017 | I-XII 2017 ----------- I-XII 2016 |
| **Вкупно** | **денари** | **266 650 320** | **308 341 881** | **115.6** | **376 130 328** | **420 245 581** | **111.7** |
| | **долари** | **4 787 199** | **5 671 466** | **118.5** | **6 757 450** | **7 719 852** | **114.2** |
| Земјоделски производи, производи на шумарството и риболовот | денари | 14 139 863 | 14 792 644 | 104.6 | 8 962 255 | 8 145 342 | 90.9 |
| | долари | 254 641 | 273 824 | 107.5 | 160 813 | 148 788 | 92.5 |
| Рударство и вадење на камен | денари | 7 638 901 | 12 674 330 | 165.9 | 5 380 997 | 6 903 642 | 128.3 |
| | долари | 136 919 | 233 346 | 170.4 | 96 578 | 125 005 | 129.4 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Производи на преработувачката индустрија | денари | 241 212 991 | 275 379 626 | 114.2 | 353 619 097 | 393 605 050 | 111.3 |
| | долари | 4 330 000 | 5 063 486 | 116.9 | 6 353 733 | 7 233 963 | 113.9 |
| Електрична енергија, гас, пареа и климатизација | денари | 518 482 | 1 507 479 | 290.7 | 5 166 553 | 6 846 077 | 132.5 |
| | долари | 9 206 | 27 816 | 302.2 | 92 743 | 124 673 | 134.4 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; ракување со отпад и дејности за санација на околината | денари | 2 738 984 | 3 357 495 | 122.6 | 1 690 886 | 3 533 982 | 209.0 |
| | долари | 49 221 | 61 320 | 124.6 | 30 240 | 65 198 | 215.6 |
| Останати | денари | 401 099 | 630 307 | 157.1 | 1 310 540 | 1 211 487 | 92.4 |
| | долари | 7 212 | 11 675 | 161.9 | 23 343 | 22 224 | 95.2 |

*Извор : Народна банка на РМ*




*Графикон Т 4.2-4/1 Стоковна размена според Квалификација производи по дејности*

Согласно податоците, најголемо учество имаат производите на преработувачката индустрија, со вкупно учество од 89.3% во стоковната размена, според класификацијата на производите по дејности.

Анализата на надворешнотрговската размена во 2017 година укажува на солиден раст на двете составни компоненти, при умерено посилен раст на извозот во споредба со растот на увозот на стоки. Во 2017 година, двигател на позитивните остварувања кај извозот претставуваше извозната активност на новите индустриски капацитети во странска сопственост, во најголем дел изразено

преку високиот пораст на извозот на машини и транспортни уреди. Исто така, позитивен придонес во растот на извозот имаа и дел од традиционалните сектори, а особено извозот од металопреработувачката индустрија, за разлика од претходните пет години кога оваа гранка бележеше негативни стапки на раст. Остварувањата кај извозот имаа одраз и на увозната страна, при што суровинската компонента за металопреработувачката индустрија и за новите странски капацитети беше најзначаен фактор за увозниот раст. Дополнителен придонес кон увозниот раст имаше и инвестицискиот увоз, увозот наменет за лична потрошувачка, како и енергетскиот увоз, главно поради повисокиот номинален увоз на нафтените деривати, предизвикан од порастот на светските берзански цени на нафтата, во услови на пад на увезените количини.

## 5. МСП и вработувањето

Рамката на политиките за вработување во Република Македонија е дефинирана со Програмата на Владата на Република Македонија, Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020 година и Акцискиот план за вработување на млади 2016-2020 година и е во согласност со обврските што произлегуваат од Глобалниот пакт за работни места на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Резолуцијата за Кризата со вработување на младите: повик за акција и Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст - Европа 2020.

Оперативниот план за 2017 година уредува низа активности со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста од реализацијата на услугите и програмите, односно мерките за вработување, преку поедноставување на административните процедури и олеснување на неговата целокупна имплементација.

Република Македонија успеа да ги реализира скоро сите предвидени планови и проекции, при што успеа да го одржи макроекономско опкружување на едно задоволително ниво преку одржлива фискална политика, ниско ниво на дефицит како процент од БДП, стабилен финансиски сектор, ниска стапка на инфлација и сл. Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување, вклучува услуги за невработените лица, обуки, политики за креирање на работни места, работни клубови, практикантство итн. Може да се забележи дека, споредено со претходните години, има зголемување на средствата одобрени по основ на горенаведените мерки според

дополнувањето на гореспоменатиот оперативен план за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување, сè со цел да се подобри функционирањето на пазарот на трудот, поддржи создавањето на нови работни места и да се зголеми вработеноста на лицата.

## 5.1 Вработување во Република Македонија

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2017 година, активното население во Република Македонија брои 954 212 лица, од кои се вработени 740 648, а 213 564 лица се невработени.Стапката на активност во овој период е 56.8, стапката на вработеност 44.1, додека стапката на невработеност изнесува 22.4.

**Табела 5.1-1 Работоспособно население според економската активност, полот и школската подготовка, по години**

| | 2017 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | | Вработени | | | Невработени | | | Неактивно население | | |
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Вкупно** | 1 679 935 | 840 798 | 839 138 | 740 648 | 450 261 | 290 387 | 213 564 | 132 512 | 81 052 | 725 723 | 258 025 | 467 698 |
| **Без образование** | 25 345 | 6 355 | 18 990 | 2 369 | 1 379 | 989 | 939 | 558 | : | 22 037 | 4 418 | 17 619 |
| **Незавршено основно образование** | 80 781 | 25 923 | 54 857 | 13 493 | 7 453 | 6 039 | 4 371 | 2 980 | 1 391 | 62 917 | 15 490 | 47 427 |
| **Основно образование** | 481 570 | 208 760 | 272 809 | 120 559 | 79 396 | 41 164 | 43 765 | 32 978 | 10 786 | 317 246 | 96 387 | 220 859 |

**Табела 5.1-1 Работоспособно население според економската активност, полот и школската подготовка, по години**

| | 2017 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | | Вработени | | | Невработени | | | Неактивно население | | |
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **3 години средно образование** | 122 751 | 76 185 | 46 565 | 63 488 | 42 707 | 20 781 | 15 220 | 10 573 | 4 648 | 44 043 | 22 906 | 21 137 |
| **4 години средно образование** | 677 071 | 384 359 | 292 712 | 347 462 | 225 297 | 122 165 | 104 669 | 68 257 | 36 412 | 224 940 | 90 805 | 134 135 |
| **Више образование** | 34 430 | 17 401 | 17 029 | 15 613 | 8 138 | 7 475 | 2 406 | 877 | 1 529 | 16 411 | 8 385 | 8 026 |
| **Високо образование** | 257 988 | 121 814 | 136 175 | 177 665 | 85 891 | 91 773 | 42 193 | 16 289 | 25 904 | 38 131 | 19 634 | 18 497 |

*МАКСтат - база на податоци*




*5.1-1 Графички приказ на вкупна работна сила*

Во 2017 година, стапката на вработеност за населението на возраст 15-64 години изнесува 50.54 %, односно брои 733 394 лица, при што може да се забележи значително зголемување од минатата година, каде што изнесуваше 713 994. Може да се додаде дека стапката на активност кај машкото население изнесува 61.04% со стапка на вработеност со 47.05% , додека жените се одговорни за останатите 38.9%, со стапка на вработеност од 30.39%.




*5.1-2 Графички приказ на активно население според пол*




*5.1-3 Графички приказ на стапка на вработеност според пол*

И покрај послабите импулси од реалната економија, во 2017 година поголемиот дел од показателите на пазарот на труд упатуваат на задржување на поволните трендови. Воедно, во текот на 2017 продолжи спроведувањето на активните мерки за вработување, како дополнителна поддршка за раст на вработеноста. Бројот на вработени лица во 2017 година се зголеми за 2,4%, што е речиси ист раст како и во 2016 година. Истовремено, стапката на вработеност се зголеми за 1 п.п. и изнесуваше 44,1%. Анализирано по сектори, како и во 2016 година, растот на вработеноста во најголем дел се поврзува со *услугите*, во чиишто рамки значителен раст на вработеноста се забележува во трговијата и во дејноста „објекти за сместување и сервисни дејности со храна". Растот на вработеноста во *индустријата* продолжи во 2017 година, во најголема мера одразувајќи ги позитивните поместувања кај преработувачката индустрија. Истовремено, по двегодишниот пад, бројот на лица вработени во земјоделството, во 2017 година беше речиси непроменет во однос на 2016 година.




*Графикон 5.1-4 - Селектирани показатели од пазарот на труд (во %)*




*Графикон 5.1-5 Стапка на невработеност според старосните групи (во %)*

Слично како на страната на побарувачката за работна сила, во текот на годината дојде до мало нагорно приспособување на понудата на работна сила. Имено, вкупното активно население забележа зголемување од 0,6%, што при истовремен пад на неактивното население од 0,6%, доведе до мало нагорно поместување на стапката на активност (за 0,3 п.п.), којашто изнесуваше 56,8%. Позитивните придвижувања и на страната на побарувачката и на страната на понудата на работна сила доведоа до намалување на невработеноста, при што стапката на невработеност во 2017 година се сведе на 22,4% (намалување од 1,4 п.п.). Притоа, гледано од аспект на старосните

групи, намалувањето на вкупната стапка на невработеност се објаснува со пониската невработеност кај сите подгрупи согласно со возраста.

Во 2017 година е забележано влошување од аспект на показателите на конкурентноста. Имено, во текот на годината беше забележан негативен тренд кај продуктивноста на трудот, којашто во 2017 година е пониска за 3,1%, што соодветствува со послабите остварувања во доменот на економската активност. Гледано по сектори, највисок придонес кон падот има услужниот сектор, како сектор каде што е забележано и поголемо намалување на додадената вредност во услови на забавување на растот кај вработеноста. Трошоците за труд по единица производ во 2017 година забележаа посилен раст (6,3%), при забележано зголемување на трошоците кај сите три сектори, од кои посилен придонес имаат услужниот сектор и индустријата, додека кај земјоделството, трошоците за труд по единица производ бележат минимален раст, по тригодишен период на последователен пад.

## 5.2 Самовработување

### 5.2.1 Програма за самовработување

Намената за поддршка на невработените лица во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и за создавање дополнителни вработувања. Вклучена обука за претприемништво, помош при развивање одржлив бизнис план и регистрирање на дејност, грантови во форма на опрема и/или материјали и менторство во време на започнување на бизнисот.

Програмата за самовработување со грант, која беше реализирана од страна на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво и Програмата за развој на Обединетите Нации, имаше за цел да ги поддржи невработените лица во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност преку обуки за претприемништво, помош при развивање одржлив бизнис план и регистрирање на дејност, грантови во форма на опрема и/или материјали и менторство во време на започнување на бизнисот, за да создаде

дополнителни вработувања. Со програмата беа опфатени 1.050 невработени лица од евиденцијата на АВРМ вработени во 1.000 новоотворени микро претпријатија.

Реализацијата на Програмата Самовработување започна со проценка на секој кандидат за потреба од дополнителни обуки, осознавање за претходно претприемачко искуство или евентуално учество во неформален бизнис, како и проценка на нивното севкупното знаење. Понатаму, програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, поддршка при регистрацијата на сопствените бизниси и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и за дополнително вработување на едно лице. Со овој проект за самовработување, беше предвидена поддршка со неповратни средства во висина од 356.600,00 денари, од кои 16.600,00 денари во вид на поддршка во форма на основна обука за претприемништво и водење бизнис, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите. Во вид на директна поддршка за набавка на опрема и / или материјали беа предвидени 185.000,00 денари, додека за набавка на опрема и/или материјали, беа предвидени 257.000,00 денари за најуспешните кандидати кои презентираа одржливи и иновативни бизнис планови, кои беа оценети за бизниси со најголем потенцијал за раст.
Беше предвидена можност за аплицирање за грант кој ќе поддржи самовработување на основачот на фирмата и дополнително вработување. Во тој случај, средствата на вкупниот грант ќе изнесуваат 349.000,00 денари од кои 257.000,00 денари за реализација на самовработувањето и отворање на бизнисот и 92.000,00 денари за дополнително вработеното лице.

Еден дел од програмата за самовработување беше предвиден за самовработување на лицата со инвалидност.
Во соработка со соодветни институции, организации и здруженија кои работат со лица со инвалидност, се пристапи кон идентификување на лицата со инвалидност кои можат да се вклучат на пазарот на труд и се пристапи кон нивно мотивирање, промоција на можностите за вработување, самовработување, поддршка и сл.

Сите активности беа преземени со цел да се зголеми пристапот и учеството на овие лица, како и да се зголемат можностите на пазарот на трудот за нивно вработување.
Сите новоотворени бизниси во текот на првата година од работењето имаа можност преку АППРМ и регионалните центри, факултетите или индивидуалните експерти/ментори да добијат дополнителна советодавно-информативна поддршка. Поддршката не беше само во насока на започнување на бизнис, туку и на обезбедување континуирана поддршка на претприемачите во сите области – деловно и финансиско работење, унапредување на техничко-технолошки процеси, законска регулатива и сл.

### 5.2.2 Старт-ап бизниси за млади

Програмата Старт-ап бизниси беше наменета за млади лица до 29 годишна возраст кои ќе основаат бизниси со претежна дејност во секторот/областа информациски и комуникациски технологии (ИКТ), производство, туризам и органско земјоделие. Беа предвидени: обука за претприемништво, помош при развивање одржлив бизнис план и регистрирање на дејност, грантови во форма на опрема и/или материјали и за финансирање на деловните активности во почетниот период, менторска поддршка во времетраење од 2 години по регистрацијата на бизнисот, како и советодавни услуги од експерти специјализирани во клучни менаџмент области. Програмата опфати 196 невработени млади лица до 29 години вработени во околу 140 новоотворени микро претпријатија со дејност од областа на ИКТ, производство, туризам, органско земјоделие и социјални услуги во домашни услови.

### 5.2.3 Субвенционирани работни места

Во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, беа предвидени и неколку програми за поддршка на растот на микро, мали и средни претпријатија за создавање нови работни места, како и програмата за млади лица до 29 години, за која беше предвидено доделување на неповратни средства (грант) во висина од 153.750 денари во форма на опрема и материјали за отворање на нови работни места за млади лица до 29 годишна возраст. Со програмата беа опфатени 250 невработени млади лица во

евиденција на АВРМ вработени во микро, мали и средни претпријатија (ММСП).
Програмата вклучуваше субвенционирање на работни места за лицата со инвалидност,а исто така беше предвидено и субвенционирано вработување на невработени лица - **Проект "Македонија вработува 2**, кој заврши заклучно со 27.06.2017 година. Целта на оваа програма беше да се поттикнат работодавачите да вработуваат невработени лица евидентирани во АВРМ како активни баратели на работа.
Програмата опфаќаше ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и / или персонален данок на доход за работодавачи кои ќе вработат евидентирани невработени лица, согласно со одредбите од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

## 5.3 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата

Преглед на вработеноста според видот на сопственоста на претпријатијата е значајно да се направи за да може да се интервенира во однос на зголемување на стапката на вработеност, поточно да се има информација колку од лицата работат во приватните, државните, јавните или други видови на претпријатија и во кој сектор припаѓаат.

**Табела 5.3-1 Вработени според секторите на дејност и видот на сопственоста на деловните субјекти во 2017**

| **Сектори на дејност** | **Деловни субјекти во** | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Приватна сопственост** | **Друга сопственост** (мешовита, задружна, државна) |
| **А -** ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | **120311** | **116573** | **(3738)** |
| **Б** - РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | **6576** | **(4949)** | **(1627)** |
| **В** - ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | **143253** | **141984** | **:** |
| **Г -** СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА | **10407** | **(2881)** | **7526** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | | | |
| **Д** - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | **12651** | **(2127)** | **10523** |
| **Ѓ -** ГРАДЕЖНИШТВО | **53391** | **52033** | **:** |
| **Е-** ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | **108869** | **108869** | **-** |
| **Ж -** ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | **37769** | **29822** | **7947** |
| **З -** ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | **28569** | **27964** | **:** |
| **S -** ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | **13587** | **11539** | **(2048)** |
| **И -** ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТИ И ДЕЈНОСТИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | **10817** | **9886** | **:** |
| **J** - ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | **(1702)** | **:** | **:** |
| **К -** СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ | **13350** | **12933** | **:** |
| **Л -** АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | **13928** | **12550** | **:** |
| **Љ** - ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | **53143** | **-** | **53143** |
| **М -** ОБРАЗОВАНИЕ | **43973** | **(3498)** | **40475** |
| **Н -** ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | **40807** | **15187** | **25620** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Њ -** УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | **13262** | **7612** | **5650** |
| **О -** ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | **12604** | **8513** | **(4091)** |
| **П -** 'ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ | **:** | **:** | **-** |
| **Р -** 'ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА | **:** | **-** | **:** |
| | | | |
| **Вкупно** | **740648** | **570764** | **169884** |

***- нема појава***
***: мала појавност за да биде објавен податокот***
***( ) помалку прецизна процена - се користи со претпазливост***




*5.3-1-1 Графички приказ на видот на сопственоста на деловните субјекти во 2017*

## 5.4 Невработеност во Република Македонија

Невработеноста е една од најтешките социо-економски проблеми со која се соочуваат голем број земји во светот. Високата стапка на невработеност носи со себе голем број други проблеми како што се: сиромаштија, социјална нееднаквост, социјална несигурност, социјална исклученост и сл., кои резултираат со низок квалитет на живот на населението и исто така влијаат врз искористеноста на ресурсите и врз економскиот раст. Заради досегашната историски ниска стапка на вработеност, во фокусот на креаторите на макроекономската политика е потстрекот, со цел зголемување на стапката на вработеност.

Од осамостојувањето па сè до денес, Република Македонија бележи константно
високи стапки на невработеност, односно меѓу највисоките стапки на невработеност во Европа.

Пред осамостојувањето, Македонија бележеше големи стапки на невработеност, односно во 1975 година стапката на невработеност изнесуваше 22,04 %, во 1985 година 21,82 %, во 1990 година стапката на невработеност изнесуваше 23,55 %. Сепак драстично зголемување на невработеноста во Република Македонија се појави за време на процесот на приватизација, односно во 1995 година, каде е забележана стапка на невработеност од **35,6 %.** При промената на сопственоста, од јавна (државна) во приватна сопственост, се очекуваше да се зголемат инвестициите и да се намали невработеноста, меѓутоа се случи токму спротивното. Во овој период Република Македонија бележеше доста високи стапки на невработеност.

**Табела 5.4-1 : Стапка на невработеност во Р. Македонија**

| Година | Стапка на невработеност |
|---|---|
| | |
| 1997 | 36 % |
| 1998 | 34,5 % |
| 1999 | 32,4 % |
| 2000 | 32,2 % |
| 2001 | 30,5 % |
| 2002 | 31,9 % |
| 2003 | 36,7 % |
| 2004 | 37,2 % |
| 2005 | 37,3 % |
| 2006 | 36 % |
| 2007 | 34,9 % |
| 2008 | 33,8 % |
| 2009 | 32,2 % |
| 2010 | 32 % |
| 2011 | 31,4 % |
| 2012 | 31 % |
| 2013 | 28,6 % |
| 2014 | 27,6 % |
| 2015 | 27,3 % |
| 2016 | 23.9 % |
| 2017 | 22.5 % |

*МакСтат база на податоци*




*Графикон 5.4-1/1 Стапка на невработеност*
*МакСтат база на податоци*

Од табелата можеме да забележиме дека стапката на невработеност во периодот на транзиција бележи високи стапки на невработеност, односно 1997 година 36% невработеност, 1998 имаме благо намалување на стапката на невработеност за 1,5 % и таа достигнува 34,5%. Во наредниот период имаме повторно намалување на стапката на невработеност на околу 32%, за да во 2001 година имаме стапка на невработеност од 30,5%, што е дотогаш најниска стапка на невработеност од осамостојувањето. Во периодот после 2001 година, воениот конфликт, односно граѓанската војна во Македонија влијаеше врз економската активност, па така економската активност во тој период значително се намали. Поради тоа, во тој период имавме зголемена стапка на невработеност. Во тој пост-воен период имавме нагло зголемување на стапката на невработеност и таа во годините што следеа се се движеше во од 36 до 37 проценти.
Тука мора да се забележи еден феномен, односно во периодот после воениот конфликт, нашата економија остварува високи стапки на раст, односно во 2003 година стапката на раст изнесува 2,8 % а невработеноста зе зголемила за 4,8%, во 2004 година стапката на раст на БДП изнесува 4,6 % а невработеноста се зголемила за 0,5 %, односно на 37,2 %. Во 2005

имаме стапка на раст од 4,4 проценти, а невработеноста повторно минимално се зголемува на 37,3 %. Можеме да забележиме дека во овој период и поради фактот што имаме висока стапка на раст на БДП, сепак стапката на невработеност се зголемува. Според некои истражувања потребни се два до три квартали за да зголемената економска активност, односно растот на БДП да се рефлектира во невработеноста. Од друга страна можеме да забележиме дека за време на светската економска криза и европската должничка криза (2009-2013) бележиме ниски стапки на раст, во 2009 и 2012 дури и негативни стапки на раст. Од друга страна во тој период имаме континуиран пад на стапката на невработеност од 32,2 % во 2009 година на 28,6% во 2013 година. Ова е доста невообичаена појава во економијата.
Меѓутоа ова е поради различните политики кои ги спроведува Владата, поради промената на некои закони, отварањето на дисперзирани студии, иселувањето на еден дел на популацијата и сл.

Во Р.М. како еден од столбовите на макроекономската политика се програмите за вработување. Создавањето на позитивна бизнис клима и создавањето на одредени механизми на пазарот на труд се со цел да се даде поттик на домашните и странски инвеститори да инвестираат и со тоа да создадат нови работни места.
Може да се забележи дека и покрај нестабилната состојба на пазарот на труд во 2017 година слично како и во годините наназад, поради активните политики и голем број на стратегии, помеѓу кои е и Стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р.М. 2010-2020 ,(чија цел е подобрување на условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста), постои намалување на стапката на невработеност и таа денес изнесува 22.5%, кадешто се бележи намалување од 1.4% споредено со 2016-та година, каде што според податоците на Државниот завод за статистика на Република Македонија изнесуваше 23.9% .




*Графикон 5.4-1/2 Стапки на невработеност по возрасна група и пол МакСтат база на податоци*

На графиконот се претставени стапките на невработеност по возрасна група
и пол. Од прикажаното може да се забележи дека во 2017 година најголем процент невработените лица беа во старосната група од 25 до 49 години, а вкупниот број на невработени лица изнесуваше 213 564, од кои 132512 мажи и 81 052 жени од вкупното работоспособно население во државата.

### 5.4.1 Даночна политика на пазарот на труд

Кога зборуваме за даночната политика на пазарот на труд се мисли на промената на даночните стапки за социјално осигурување и персонален данок, со цел намалување на стапката на невработеност. Во овој дел важно е да се споменат промените на даночните стапки за социјално осигурување и персонален данок, а воедно се воведе и концептот на бруто плата и интегрирана наплата на персоналниот данок на доход и социјалното осигурување кај Управата за јавни приходи.

**Табела 5.4.1/1 :** Стапки по видови на социјални придонеси

| Вид на придонес | Стапка за 2009 | Стапка за 2010/2011/2012/2013/2014/2015 | Стапка за 2016/2017 |
|---|---|---|---|
| Задолжително пензиско и инвалидско осигурување | 19% | 18% | 17,5% |
| Задолжително здравствено осигурување | 7,5% | 7,3% | 7,3% |
| Дополнителен придонес за здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување | 0,5% | 0,5% | 0,5% |
| Задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност | 1,4% | 1,2% | 1,2% |

**Табела 5.4.1/2** Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење

| Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење | Стапка 2009 | Стапка 2010 | Стапка за 2011/2012/ 2013/ 2014/2015 | Стапка за 2016/2017 |
|---|---|---|---|---|
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци | 9,50% | 9% | 9% | 8,75% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци | 7,92% | 7,5% | 7,5% | 7,29% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци | 6,33% | 6% | 6% | 5,83% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци | 4,75% | 4,5% | 4,5% | 4,38% |
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци | 3,17% | 3% | 3% | 2,92% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци | 1,77% | 1,77% | 1,50% | 1,46% |

Крајната цел на овие промени беше да се намали административниот трошок на фирмите и на тој начин да се стимулираат инвестициите, како на домашните така и на странските компании, со цел да се отворат нови работни места, да се намали регресивноста на даночните давачки,ососебно на работните места со ниски плати, со што би се намалил бројот на неформално вработените лица, а со тоа и сивата економија. Меѓутоа, тука мора да се спомене дека начинот на кој се поставија основиците за наплата на социјални придонеси од плата, ја задржуваат регресивната структура на давачки, која придонесуза за повисоки трошоци на трудот за пониско платените работни места.

Исто така како дел од даночните реформи беше воведен и системот на бруто плата. Ова подразбира договарање на платите во бруто износ, односно сите надоместоци да бидат претставени во платата и интегрираната наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок на доход во Управата за јавни приходи. Промената има за цел да го поедностави претставувањето на вкупните трошоци на трудот, а уште поважно да се избегне даночната евазија, односно да се подобри наплатата на социјалните придонеси.

Доколку ги погледнеме податоците во различни земји ќе забележиме дека намалувањето на даноците на трудот различно влијае врз стапката на невработеност во различни земји. Доколку ги земеме земјите членки на ЕУ тогаш ќе забележиме дека намалувањето на даноците на трудот влијае врз намалување на стапката на невработеност. Тоа не е случај кај дел од земјите на Балканот, односно и покрај намалувањето на даноците на трудот, сепак високите стапки на невработеност остануваат.

## 6. Финансиска состојба и финансирање на МСП

Финансиската состојба на една компанија најдобро се оценува преку финансиските показатели. Финансиските показатели се релативни показатели и ги претставуваат односите меѓу одделни билансни позиции. Тие се добиваат врз база на хоризонтални, вертикални и временски споредби на позициите од финансиските извештаи на претпријатието и помеѓу претпријатијата, врз база на споредба на податоците од финансиските извештаи и утврдените стандарди, како и врз база на пресметаните проценти за индустриската гранка, за стопанската гранка на ниво на земјата. Па така, се добива финансиската состојба на едно претпријатие, која заедно со ликвидноста, претставува клучна карактеристика на секој стопански субјект.

Финансиските извештаи од друга страна пак, се едни од основните извори на податоци за оцена на финансиската состојба и за работењето на компанијата во одреден временски период. Финансиската анализа претставува еден вид на финансиско истражување и квантифицирање на финансискиот статус на работата на компанијата со која се прикажува финансиската состојба во одреден момент, и преку употреба на сметководствените податоци во процесот на донесување деловни и инвестициони одлуки, тоа се проектира во иднина. Освен индикаторите за профитабилност, финансиската анализа на едно претпријатие вклучува и други финансиски извештаи, како што се:биланс на состојба, биланс на успех, извештај за готовински текови, извештај за промена на капиталот и др. кои се од есенцијално значење за негово успешно функционирање.

Малите и средни претпријатија се соочуваат со потешкотии при пронаоѓањето на извори за финансирање. Поради несигурноста на иднината на новите и мали ентитети на пазарите, се воспоставила практика на верување дека малиот бизнис е најризичен за финансирање. Пристапот до формалните извори на финансирање е редуциран или, пак, бара исполнување одредени услови. Постојат три основни причини што придонесуваат малиот бизнис да се третира како ризичен за финансирање:

- постоење асиметрични информации
- слаб менаџмент
- мал почетен капитал

Теоретски, изворите на финансирање во малиот бизнис се делат на неформални и формални. Неформалните извори ги опфаќаат

сопственичкиот капитал и т.н. бизнис ангели. Во формалните извори на финансирање спаѓаат: официјалните фондови, банките, штедилниците, лизингот и државните и меѓународните институции и нивните програми за мали бизниси.

Со цел да се даде поддршка и да се олесни работата на малите бизниси, Европската комисија го донесе Актот за мали претпријатија (АМП) за Европа [2].

Финансиските инструменти поддржани со буџетот на Унијата покриваат различни потреби на малите бизниси, без оглед на тоа дали се работи за почетни или за постојни компании:

- финансиска поддршка – дополнителен капитал за брзорастечките и иновативни бизниси во нивната рана фаза или во фазата на експанзија;
- гарантна поддршка – гарантни шеми заради зголемена сигурност за банките, со што тие се охрабруваат да им стават на располагање повеќе средства за кредитирање на малите бизниси;
- микрокредити – заеми со износ помал од 25 000 евра;
- мезанин-финансирање – можност долгот на бизнисот да се претвори во сопственост или акционерски капитал за давателот, кога постои неможност за враќање на заемот навремено или во целост.

## 6.1 Добивка (профит) и загуба на претпријатијата

Целта на секој бизнис е максимизирање на профитот, кој се дефинира како разлика меѓу приходите и расходите во работењето. Показателите на профитабилност се сметаат за најважни показатели при оценка на бонитетот на друштвото. Повратот на капиталот (ROE) и повратот на средствата (ROA) се двата најважни показатели на профитабилноста кои служат за оценување за тоа колку ефективно менаџментот на една компанијата управува со капиталот кој го поседуваат акционерите во неа. Ликвидноста пак, најчесто се дефинира како способност на тековно плаќање. Коефициентот на општа ликвидност претставува однос меѓу тековната актива и тековната пасива, додека пак, коефициентот на забрзана ликвидност покажува способност за

---

[2] http://eeas.europa.eu/archives/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/documents/more_info/publications/eu_thinking_big_for_small_businesses_mk.pdf

намирување на тековните обврски под претпоставка дека залихите не може да се продадат. Во најголем број од финансиските анализи овие показатели се од клучно значење, анализирајќи го профитот или загубата, и утврдувајќи дали едно дадено претпријатие ќе продолжи со своите деловни активности или не.

**Табела 6.1-1 Добивката и загубата остварена кај претпријатијата 2011 – 2017 година**

| Финансиски индикатори | | МИКРО | МАЛИ | СРЕДНИ | ГОЛЕМИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2011 | ДОБИВКА | 3.235.932.180,00 | 32.453.256.541,00 | 9.631.188.200,00 | 26.903.931.107,00 | 72.224.308.028,00 |
| | ЗАГУБА | 5.498.412.984,50 | 7.863.364.325,00 | 4.787.914.412,00 | 6.872.814.818,00 | 25.022.506.539,50 |
| 2012 | ДОБИВКА | 2.826.412.769,00 | 35.141.403.669,00 | 12.670.798.762,00 | 30.272.840.633,00 | 80.911.455.833,00 |
| | ЗАГУБА | 5.382.652.313,56 | 8.874.101.559,00 | 4.472.690.695,00 | 10.833.311.908,00 | 29.562.756.475,56 |
| 2013 | ДОБИВКА | 2.806.975.574,00 | 35.259.162.456,00 | 13.269.773.403,00 | 24.767.180.872,00 | 76.103.092.305,00 |
| | ЗАГУБА | 5.836.628.300,00 | 9.490.136.948,00 | 2.921.460.389,00 | 7.431.756.955,00 | 25.679.982.592,00 |
| 2014 | ДОБИВКА | 3.017.931.807,00 | 37.428.300.109,00 | 14.820.277.824,00 | 26.799.189.244,00 | 82.065.698.984,00 |
| | ЗАГУБА | 5.720.494.990,00 | 7.838.610.070,00 | 3.063.897.305,00 | 8.032.028.336,00 | 24.655.030.701,00 |
| 2015 | ДОБИВКА | 2,851,558,274.00 | 24,241,494,050.00 | 11,453,790,478.00 | 27,770,406,681.00 | 66,317,249,483.00 |
| | ЗАГУБА | 6,150,609,160.00 | 14,235,028,051.00 | 2,587,735,165.00 | 8,919,368,587.00 | 31,892,740,963.00 |
| 2016 | ДОБИВКА | 2,869,449,540.00 | 28,844,676,830.00 | 15,230,241,940.00 | 32,332,785,541.00 | 79,277,153,851.00 |
| | ЗАГУБА | 6,005,504,466.00 | 9,707,145,688.00 | 2,383,720,849.00 | 6,390,314,588.00 | 24,486,685,591.00 |
| 2017 | ДОБИВКА | 2,803,049,139.00 | 27,615,355,868.00 | 14,271,683,862.00 | 47,522,613,227.00 | 91,212,702,096.00 |
| | ЗАГУБА | 6,418,714,288.00 | 9,211,249,206.00 | 4,008,542,807.00 | 6,217,164,927.00 | 25,855,671,228.00 |

Извор: Централен регистар на РМ

Табелата 6.1-1 ја претставува добивката и загубата остварена кај претпријатијата во Република Македонија за временски период од 2011 до 2017 година. Според податоците од табелата вкупната вредност на добивката пред оданочување остварена кај сите видови на претпријатија, во 2017 година изнесувала 91,212,702,096.00 милиони денари, при што споредувајќи ја со

минатата 2016 година може да се забележи зголемување за 13.2%. Во однос на добивката остварена исклучително од страна на МСП, може да се заклучи дека истите во 2017 година допринеле со 49% во вредноста на вкупната добивка кај претпријатијата, додека пак во 2016 година овој соодност е 59%, што упатува на намалување на добивката кај МСП од 10% остварена во 2017 година.

*Графикон 6-1-1/1 Процентуална добивка кај претпријатијата*




*Извор: Централен регистар*

Според горенаведениот графикон *6-1-1/1* се гледа дека, како и во годините наназад, големите претпријатија го држат приматот за сектор со најголема добивка во работењето со околу 52,1%, додека кај средните односно мали претрпијатија имаме 15,64% и 30,27% и сосема очекувано, микро претпријатијата со само 3,07% имаат најмал процент на добивка од претпријатијата во Р.М.

## 7. Даночна политика

Даночниот систем и даночната политика претставуваат едни од значајните обележја на националната сувереност на една земја и составен дел на вкупната економска политика што ја води земјата. Оданочувањето е инструмент за економска регулација, којшто може да влијае врз вкупната агрегатна потрошувачка, поттикнување на штедењето, стимулирање на инвестиционите активности и др. Современ даночен систем и ефикасна даночна администрација се основа за економскиот развој на секоја земја. Едно од основните и традиционалните права на државата е да воведува обврска за граѓаните и фирмите да придонесуваат за покривање на јавните расходи, одвојувајќи дел од своите приходи и од својот имот. Најчесто прифатен принцип е дека секој граѓанин треба да учествува во јавните приходи според својата финансиска моќ. Овој принцип е содржан во член 33 од Уставот на Република Македонија, кој гласи : „Секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон."

Во последните години, преку даноците се собираат околу 26-27% од општествениот производ.

Во Република Македонија билансот на приходите го сочинуваат: приходи од државните и јавните претпријатија и институции, даноци, придонеси, царини, такси, јавни заеми, подароци и помош. Иако се наброени различни видови приходи, сепак освен јавните заеми и подароци сите други видови јавни приходи, всушност претставуваат некој вид на данок, со што целиот систем на јавни приходи се изедначува со даночниот систем во кој даноците претставуваат повеќе од 80% од приходите на Буџетот на Република Македонија. Моменталниот даночен систем во Р.Македонија претставува комбинација од повеќе видови даноци со кои се спроведува фискалната политика во одреден период. Од аспект на правичноста во оданочувањето, попогодни се директните даноци,додека од аспект на економската ефикасност се преферираат индиректните даноци.

Оданочувањето како инструмент за економска регулација, претставува главен дел од фискалната политика која ја спроведува една Влада во зависност од економската состојба во која се наоѓа земјата.

Според податоците на Управата за јавни приходи на Република Македонија може да се забележат неколку поголеми реформи на даночниот систем од осамостојувањето до денес.Во почетокот на 90-тите години, со воведување на новиот економски систем во Република Македонија, се воведува нов фискален систем, заснован на принципите на пазарна економија, приватна сопственост, самостојност на економските субјекти.

Во 1994 година со првата реформа на даночниот систем на Република Македонија се донесува новиот Закон за персонален данок на доход (ЗПДД), Законот за данокот на добивка (ЗДД), Законот за даноците на имот.

Како најголема реформа на македонскиот даночен систем се смета воведувањето на данокот на додадена вредност од 01 април 2000 година (ДДВ-то го заменува претходниот данок на промет на производи и услуги) и новиот систем на оданочување на добрата подложни на акциза во 2001 година.

Законот за Управата за јавни приходи донесен во септември 2005 година, со сите последователни измени и дополнувања, претставува сегашна правна рамка која го одредува делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на УЈП.

Со донесување на процесниот Закон за даночна постапка во 2006 година се регулира општото даночно право и даночната управна постапка, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по жалба, водењето на прекршочната постапка и прекршочните одредби.

Владата на Република Македонија во 2007 година се одлучува на спроведување на големо преструктуирање на македонскиот даночен систем. Имено, дотогаш важеа прогресивните стапки на персонален данок на доход од 15%, 18% и 24%. Данокот на добивка изнесуваше 15%. Во 2007 година стапи на сила новиот даночен систем наречен „рамен данок“.

Владата одлучи персоналниот данок на доход и данокот на добивка да ги намали на 12%, спроведувајќи ја својата одлука во истата 2007 година. Веќе наредната година, 2008, данокот на добивка и персоналниот данок на доход беа дополнително намалени за по 2% и изнесуваа 10%, што претставуваше драстична интервенција имајќи го во предвид фактот дека до 1996 година, персоналниот данок на доход беше дури 35%, а данокот на добивка изнесуваше 30%. Цел на воведувањето на новиот систем на оданочување, т.н. „рамен данок" беше да се намали сивата економија (поголеми даноци значат и поголем потстрек за даночна евазија), да се стимулира домашната инвестициона активност како и да се привлечат странски инвестиции.

Република Македонија, заедно со Бугарија, има најниска стапка на персонален данок на доход, како и најниска стапка на данок на добивка во цела Европа.

За разлика од прогресивните системи на оданочување, системот на рамен данок е едноставен и добар за економскиот раст, во смисла на намалување на сивата економија. Кај прогресивниот систем на оданочување, постоеше неопходност од многу форми на пресметка, како и кај сите даночни системи со прогресивни стапки. Кај системот на рамен данок, се употребуваат две форми на пресметување: една за персонален данок на доход (данок кој претставува давачка по основ на остварените лични приходи) и една форма за даночните давачки кај бизнисите и капиталните приходи.

Спротивно на стариот систем, кој се засноваше на стапката на извор на приходи, рамниот данок ги третира сите даночни обврзници еднакво, исполнувајќи го принципот „еднакво право по закон". Следствено на тоа, рамниот данок подеднакво ги „оптоварува" сите даночни обврзници, односно сите даночни обврзници одделуваат ист процент од својот доход како давачка за разлика од прогресивниот кој најмногу ги „оптоварува" субјектите кои најмногу придонесуваат за националното богатство и чии инвестиции го претставуваат моторот на една економија.

Рамниот данок, во комбинација со ниските стапки во РМ, во поголем дел ја елиминира даночната евазија како значаен фактор на сивата

економија и придонесува за подобра и посигурна клима за економски дејствија во конкурентскиот глобален систем.

Најсилен аргумент за прифаќање на систем на рамен данок е неговата едноставност. Комплицираните даночни пријави и процедури, даночни упатства и останатите процедури задолжителни за даночните обврзници при пријавувањето на приходите, сега се заменети со поедноставени обрасци со цел поефективна наплата на даночните приходи.

- Рамниот данок нуди многу бенефиции и поволности за една држава како што се:

- **Побрз економски раст**

Рамниот данок го поддржува зголемувањето на вработувањето (отворање на работни места), заштедите и инвестициите. Со зголемувањето (поттикнувањето) на продуктивното економско однесување, исто така, се ставаат здрави темели на една економија која подоцна ќе може да расте со побрзо темпо на бенефит на сите нејзини субјекти. Инвестициите се основа за развојот на секоја економија, а истите се финансирани од заштедите на нејзините субјекти.

- **Чесност**

Рамниот данок ги третира луѓето еднакво. За разлика од прогресивните даночни системи каде богатиот даночен обврзник плаќа повеќе данок од сите други категории и апсолутно и релативно, во системот „рамен данок" тој од своите приходи издвојува ист процент како и секој друг даночен обврзник.

- **Фер пристап**

Рамниот данок ја намалува можноста за злоупотреба на поволностите за користење одбитоци, даночните кредити и иззимањата т.е. намалувања на даночната основа кои важат само за одредена група на луѓе.

Во следната табела (7-1) се прикажани најзастапените даночни стапки во Република Македонија.
Данокот на добивка и персоналниот данок на Р.М. претставуваат едни од најниските даноци во Европа, со стапка од 10%. Во врска со Данокот на додадена вредност може да се каже дека тој се наоѓа

во границите на ЕУ (што е околу 15% до 27%), односно стапката на ДДВ во Македонија е една од најниските со 18%. Данокот на имот се движи од 0.10% до 0.20%,данокот на наследство и подарок од 2% до 5% и данокот на промет на недвижности од 2% до 4%.

**Табела 7-1 Даночни стапки**

| Данок | Даночен обврзник | Даночна стапка |
|---|---|---|
| Данок на добивка | Правно лице–резидент на Република Македонија и постојана деловна единица на странско правно лице, за добивката што ја остваруваат од вршење на дејност на територијата на Република Македонија. | 10% |
| Персонален данок на доход | Физичко лице резидент на Република<br><br>Македонија за неговиот светски доход, односно доходот што го остварува во земјата и странство, како и физичко лице нерезидент за доходот што го остварува од извори во Република Македонија. | 10% |
| Данокот на додадена вредност | Правно и физичко лице кое врши дејност на територијата на Република Македонија, а обврска за задолжителна регистрација за целите на ДДВ имаат само оние даночни обврзници кои во изминатата календарска година оствариле вкупен оданочив промет над 2.000.000 денари. | 18% - општа<br>5% - повластена |

Правната рамка со која се регулирани даночните прашања, во 2017 година беше обновена со неколку нови закони односно измени и дополнувања кои се однесуваат на различни даноци во даночниот систем на Р.М.

- Закон за персоналниот данок на доход (Службен весник на РМ, бр.80/93...190/2017) усвоен на 25.12.2017 година, а со важност од 01.01.2018 год, се уредува начинот на оданочување на доходот на граѓаните. Персоналниот данок на доход се плаќа годишно на збирот на нето приходите од сите извори, освен на приходите што се изземени од оданочување со овој закон.
- Закон за данокот на додадена вредност (Службен весник на РМ, бр.44/99 ...,189/16) со важност од 14.10.2016, се се уредува пресметувањето и плаќањето на ДДВ.
- Закон за данок на добивка ("Службен весник на Р.М.", број 112/14...,190/16) стапи на сила на 01.01.2017 се уредува начинот на оданочување на добивката, стапката по која се пресметува данокот на добивка, обврзниците за плаќање на данокот на добивка, даночната основа за пресметување на данокот на добивка, роковите за плаќање на данокот на добивка, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на добивка.

Според Извештајот за глобална конкурентност 2016-2017 година, објавен од страна на Светскиот економски форум, во кој е идентификуван индексот на конкурентноста на 140 држави пресметан врз основа на 12 фактори како што се: ниво на продуктивност на земјата, вклучувајќи ги институциите, инфраструктурата, макроекономската средина, здравството, образованието, развојот на пазарот за финансии, технолошката подготвеност, големината на пазарот, иновативноста., вклучувајќи ја и вкупната даночна стапка која го претставува износот на даноци и придонеси кои задолжително треба да се платат од страна на бизнисот, Р. Македонија, со реорганизацијата на својот даночен систем во 2008 година, успеа да воведе вкупна даночна стапка од 7,4%, со која се вброи во земјите со најниски даночни стапки во светот. Светска банка во својот последен „Дуинг бизнис" извештај за 2017 година ја смести Македонија во најдобрите 10 во светот и првите 5 во Европа според условите за водење бизнис.

# 8. Бизнис демографија и бизнис динамика

Големиот број бизниси и здравата конкуренција се дел од основата за успешна економија на една земја. Со економските реформи и некои од политиките на владата изминативе години, како што се кампањите за привлекување на странски инвестиции и субвенционирањето на самовработувањето се создаваат услови за развивање на веќе постоечките, и поддржување на идеите за нови бизниси создавајки можности за луѓето од сите слоеви, возраст и место на живеење.Намалувајки ги социјалните разлики и негативните социјални феномени и создавајки поволни услови за развој на човековите капацитети имаат за цел да овозможат непречен бизнис и демографски развој на целата земја.

## 8.1 Активни претпријатија по општини

Годишните податоци за бизнис демографијата опфаќаат варијабли кои ги објаснуваат карактеристиките и демографијата на одредено бизнис подрачје за дадената година.Активните претпријатија поделени по општини исто така претставува значаен индикатор кој укажува на густината на претпријатија во одредени региони. Всушност, како што бројот на претпријатија во даден регион се зголемува, истиот регион станува поразвиен и се зголемува конкуренцијата помеѓу претпријатијата. Освен Скопје, каде што најголем дел од претпријатијата се лоцирани, постојат и други региони во земјата во кои бројот на претпријатија е релативно висок во поглед на бројот на жители од тој регион.

**Табела 8.1-1 Активни деловни субјекти по големина, по општини**

| | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | 71419 | 48577 | 21543 | 776 | 523 |
| **Скопје** | 25539 | 15575 | 9250 | 365 | 349 |
| **Аеродром** | 3565 | 2295 | 1219 | 25 | 26 |
| **Бутел** | 1413 | 871 | 494 | 29 | 19 |
| **Гази Баба** | 2720 | 1610 | 1015 | 48 | 47 |
| **Ѓорче Петров** | 1522 | 1025 | 475 | 12 | 10 |
| **Карпош** | 3929 | 2284 | 1538 | 49 | 58 |
| **Кисела Вода** | 2762 | 1768 | 941 | 36 | 17 |
| **Сарај** | 470 | 302 | 159 | 7 | 2 |
| **Центар** | 7069 | 3836 | 2917 | 147 | 169 |
| **Чаир** | 1863 | 1416 | 437 | 10 | - |
| **Шуто Оризари** | 226 | 168 | 55 | 2 | 1 |
| **Арачиново** | 80 | 45 | 34 | 1 | - |
| **Берово** | 406 | 296 | 105 | 4 | 1 |
| **Битола** | 3841 | 2705 | 1085 | 28 | 23 |
| **Богданци** | 275 | 189 | 76 | 7 | 3 |
| **Боговиње** | 400 | 314 | 82 | 4 | - |
| **Босилово** | 248 | 158 | 85 | 2 | 3 |
| **Брвеница** | 280 | 217 | 59 | 4 | - |
| **Валандово** | 359 | 251 | 98 | 10 | - |
| **Василево** | 177 | 90 | 85 | 2 | - |
| **Вевчани** | 108 | 78 | 29 | 1 | - |
| **Велес** | 1793 | 1305 | 461 | 20 | 7 |
| **Виница** | 502 | 326 | 166 | 7 | 3 |
| **Вранештица** | - | - | - | - | - |
| **Врапчиште** | 447 | 382 | 63 | 2 | - |
| **Гевгелија** | 1222 | 780 | 418 | 14 | 10 |
| **Гостивар** | 2519 | 2038 | 471 | 9 | 1 |
| **Градско** | 74 | 50 | 21 | - | 3 |
| **Дебар** | 505 | 409 | 90 | 5 | 1 |
| **Дебарца** | 107 | 71 | 36 | - | - |
| **Делчево** | 516 | 368 | 143 | 4 | 1 |
| **Демир Капија** | 96 | 67 | 27 | 1 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Демир Хисар** | 233 | 160 | 68 | 5 | - |
| **Дојран** | 106 | 65 | 39 | 1 | 1 |
| **Долнени** | 197 | 151 | 45 | 1 | - |
| **Другово** | - | - | - | - | - |
| **Желино** | 287 | 209 | 73 | 4 | 1 |
| **Зајас** | - | - | - | - | - |
| **Зелениково** | 63 | 44 | 17 | 2 | - |
| **Зрновци** | 59 | 45 | 14 | - | - |
| **Илинден** | 545 | 322 | 197 | 15 | 11 |
| **Јегуновце** | 182 | 143 | 36 | 2 | 1 |
| **Кавадарци** | 1618 | 1030 | 562 | 15 | 11 |
| **Карбинци** | 74 | 44 | 28 | 2 | - |
| **Кичево** | 1456 | 1221 | 225 | 8 | 2 |
| **Конче** | 73 | 56 | 17 | - | - |
| **Кочани** | 1369 | 972 | 382 | 11 | 4 |
| **Кратово** | 216 | 149 | 63 | 3 | 1 |
| **Крива Паланка** | 558 | 427 | 128 | 3 | - |
| **Кривогаштани** | 115 | 76 | 39 | - | - |
| **Крушево** | 203 | 154 | 48 | 1 | - |
| **Куманово** | 3004 | 2145 | 823 | 25 | 11 |
| **Липково** | 207 | 143 | 62 | 2 | - |
| **Лозово** | 48 | 32 | 16 | - | - |
| **Маврово и Ростуша** | 139 | 103 | 33 | 3 | - |
| **Македонска Каменица** | 205 | 151 | 52 | 1 | 1 |
| **Македонски Брод** | 148 | 118 | 29 | 1 | - |
| **Могила** | 165 | 131 | 34 | - | - |
| **Неготино** | 764 | 514 | 237 | 13 | - |
| **Новаци** | 86 | 69 | 16 | 1 | - |
| **Ново Село** | 219 | 143 | 72 | 4 | - |
| **Осломеј** | - | - | - | - | - |
| **Охрид** | 2636 | 1884 | 718 | 24 | 10 |
| **Петровец** | 195 | 125 | 63 | 6 | 1 |
| **Пехчево** | 160 | 113 | 45 | 2 | - |
| **Пласница** | 55 | 45 | 9 | - | 1 |
| **Прилеп** | 2765 | 1994 | 742 | 19 | 10 |
| **Пробиштип** | 387 | 283 | 100 | 3 | 1 |
| **Радовиш** | 867 | 585 | 275 | 5 | 2 |
| **Ранковце** | 52 | 29 | 23 | - | - |
| **Ресен** | 459 | 300 | 156 | 2 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Росоман** | 105 | 67 | 37 | 1 | - |
| **Свети Николе** | 789 | 623 | 159 | 7 | - |
| **Сопиште** | 112 | 77 | 34 | 1 | - |
| **Старо Нагоричане** | 47 | 34 | 12 | - | 1 |
| **Струга** | 2137 | 1719 | 404 | 11 | 3 |
| **Струмица** | 2424 | 1579 | 812 | 20 | 13 |
| **Студеничани** | 243 | 144 | 96 | 2 | 1 |
| **Теарце** | 384 | 323 | 59 | 2 | - |
| **Тетово** | 3480 | 2651 | 795 | 25 | 9 |
| **Центар Жупа** | 86 | 75 | 11 | - | - |
| **Чашка** | 96 | 72 | 24 | - | - |
| **Чешиново - Облешево** | 131 | 90 | 38 | 3 | - |
| **Чучер - Сандево** | 170 | 103 | 64 | 2 | 1 |
| **Штип** | 1806 | 1131 | 628 | 28 | 19 |

## 8.2 Занаетчии

Со развојот на машинското производство занаетот постепено е во изумирање,Македонската Влада со своите мерки за поттикнување на овие мали економски субјекти активно и континуирано соработува со занаетчиските комори и занаетчиите за заедно да ги креира политиките за развој на оваа стопанска гранка.

Законот за вршење на занаетчиска дејност во Република Македонија беше усвоен во 2004 година, и го замени стариот закон од 1998 година. Во овој закон е утврдена дефиницијата за тоа што претставува занаетчијата и што се смета за занаетчиска дејност. Овој нов закон го дефинира занаетчијата како секое физичко лице кое е регистрирано во Регистарот на занаетчии. Информации кои се собираат во Регистарот на занаетчии се :

-Име, татково име, презиме и
адреса на живеење; -Матичен
број на лицето;

-Име на компанијата, кратко име на компанијата ( ако е возможно), локација и адреса на просториите.

Затварањето на дејноста на занаетчијата може да се изврши само ако (според она што е наведено во Законот):

-Занаетчијата биде вработен во друга компанија, ако истиот се пензионира или започне со друга деловна активност;

-Ако занаетчијата отиде во затвор повеќе од 6 месеци;

-Во случај на смрт на занаетчијата;

-Други ситуации утврдени со Законот.

Со предлог на Законот за занаетчии од 2015 се уредуваат условите за вршењето на занаетчиска дејност и за издавање на занаетчиската дозвола, водење на Занаетчиски регистар, организирање на чирачката работа, како и организирање и финансирање на коморски систем.

*Табела 8.2-1 Број на активни и новорегистрирани занаетчии во 2017*

| | |
|---|---|
| **Број на новорегистрирани занаетчии во 2017** | **547** |
| **Број на активни занаетчии за 2017** | **5336** |

## 8.3 Трговец поединец

Според Законот за трговските друштва, трговец-поединец е физичко лице кое, во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со овој закон. Важно е да се потенцира дека како трговец-поединец може да се јави само физичко лице односно како трговец-поединец може да се запише во трговскиот регистар секое деловно способно физичко лице со постојано место на живеење во Република Македонија.

Како трговец-поединец не може да биде регистрирано физичко лице:

1. над кое е отворена стечајна постапка;

2. за кое, со правосилна одлука на судот, е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања додека трае забраната за вршење на дејноста утврдена со одлуката на судот;

3. на кое надлежен орган, врз основа на закон, му забранил да врши некоја од дејностите определени со Законот за трговските друштва, додека трае забраната.

Едно физичко лице запишано како трговец-поединец не може, истовремено, по која било основа, да биде запишано како трговец-поединец под друга фирма.

Трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.
Овој начин на вршење трговска дејност е брз, едноставен, без големи формалности и многу флексибилен. Но, ограничувањата и слабостите му се побројни: тешко се добиваат екстерни извори на финансирање (кредити од банки или други позајмици); се врзува со доброто здравје и со капацитетот на физичкото лице; тешко се наоѓаат деловни партнери кои немаат увид колкав е имотот на физичкото лице трговец-поединец; и конечно, трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

*Табела 8.3-1 Број на активни и новорегистрирани трговци поединци во 2017*

| | |
|---|---|
| **Број на новорегистрирани трговци поединци во 2017** | **658** |
| **Број на активни трговци поединци во 2017** | **6483** |

# 9. Истражување, развој и иновации во МСП

Мерките и активностите кои ги превзема Република Македонија за поддршка на секторот на МСП и претприемништво главно се носат на централно ниво. Постои голем простор за унапредување на поддршката на овој сектор кој може да го направат општините и градот Скопје подигнувајќи ги повисоко на листата на приоритети прашањата, мерките и активностите, како и ресурсите кои тие ќе ги обезбедат за развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија од нивните локални средини.

За обезбедување на економскиот раст, развој и благосостојба од фундаментално значење е обезбедување експлоатација и дифузија на знаењето. Оттука, воведувањето на мерки за унапредување на иновативноста претставува основен предуслов за остварување на позитивните економски и социјални придобивки. Широко е прифатено дека иновациите имаат централно значење за обезбедување раст на производството и продуктивноста во рамките на претпријатијата.

Како што се равива светската економија, така глобализацијата придонесува драматично да се зголеми пристапот до информации и нови пазари за фирмите. Сето тоа резултира со појава на поголема меѓународна конкуренција и нови форми на организација, со цел подобро да се управуваат глобалните ланци за снабдување.

Иновациските капацитети на МСП се клучна тема за Европската конкурентност и раст на претпријатијата. Придонесот на претпријатијата со иновации, како и динамичниот бизнис сектор кој претставува клучен извор и канал на технолошки и нетехнолошки иновации се од суштинско значење. Помалите компании често ги користат технолошките и комерцијалните можности, кои се запоставени од повеќето реномирани компании, како фактор за економски раст и вработување.

И покрај тоа што МСП издвојуваат малку средства за севкупната активност на истражување и развој, постојат голем број на

докази дека МСП во голема мера придонесуваат во иновативниот систем, преку воведување на нови производи и адаптирање на веќе постоечките производи кон потребите на клиентите. Малите фирми опфаќаат непропорционален удел во иновативноста на нови производи со оглед на ниските издвојувања за истражување и развој.

Иновацијата е една од најпознатите и основни практики за поддршка на економскиот раст. Таа претставува голем потенцијал за развој, и решенија за голем број економски и социјални предизвици. Иновациите претставуваат еден вид клуч за опстанокот на комерцијалните компании во денешното пазарно и бизнис опкружување овозможувајки и на фирмите од различен карактер да преживеат и напредуваат преку зголемување на пазарната вредност и конкурентната предност.Истражувањата од овој дел на менаџментот до денес повеќе се фокусираа главно на развиените пазарни економии и големи претпријатија, но заклучокот е дека малите и средни претпријатија (МСП) се од фундаментално значење за иновациите и економскиот раст во стопанството. Од оваа гледна точка нивното навремено воведување е последица на голем дел одвоени финансиски средства на компанијата доделени за истражување и развој, како активност на која се придава особено значење во денешното време на модернизација. Следствено на тоа способноста и брзината за иновирање е еден од најважните фактори од кои зависи економската сила на претпријатието. Придобивките кои произлегуваат од иновациите на претпријатието се многубројни и придонесуваат за:

- подобрување на продуктивноста;
- намалување на трошоците;
- обезбедување на конкурентна пазарна позиција;
- зголемување на вредноста на брендот на пртпријатието;
- воспоставување на нови партнерства;
- зголемување на профитот и профитабилноста.

Бидејќи Република Македонија се стреми да продолжи со економскиот раст, важно е земјата да ја развие конкурентноста на својот приватен сектор. Поради тоа што нема да може да ја гради својата конкурентност врз основа на ниските трошоци за плати на долг рок, подобрувањето на конкурентноста преку знаење и иновации е од клучно значење. Целта на оваа стратегија е започнување на трансформација на земјата во економија заснована на знаења која со своите иновативни компании и нивната добро обучена работна сила би била конкурентна на меѓународниот пазар. Стратегијата за иновации која е една од делот реформи при Владата на Р.М. ги опфаќа истражувачките институции во контекст на развој на човечките ресурси за иновации и воспоставување на врски со бизнис секторот и пренесување на знаења кон него. Со оваа стратегија подготвена според актуелната состојба на развојот на земјата целта е да се осигура политика за промовирање на иновации која што би била релевантна за даденото развојно ниво. Стратегијата беше подготвена во рамките на Иницијативата за регионална конкурентност, проект спроведен од страна на Инвестициската спогодба на ОЕЦД за Југоисточна Европа со финансиска поддршка од Европската Унија. Со поддршка од ОЕЦД за развој на стратегија за иновации по прегледот на националниот систем за иновации и конференцијата на која на чинителите им беше овозможено да разговараат за тоа кои треба да бидат приоритетите и политиките на стратегијата за иновации, оваа стратегија беше изготвена заеднички од владини службеници и експерти од ОЕЦД.

Фондот за иновации и технолошки развој има за цел промовирање и поттикнување на иновациска дејност, подобрување на пристапот до финансиски услуги за иновации, развивање на инфраструктура за иновации и технолошки развој и развој на партнерства помеѓу универзитетите, истражувачките центри и приватниот сектор во Република Македонија.

Фондот располага со четири активни програми за подобрување на пристапот до финансиски услуги и тоа :

- **Кофинансирани грантови за старт-ап, спи-оф трговски друштва и иновации**

Инструментот е наменет за финансирање на ново - основани, микро и мали и средни компании, регистрирани во Република Македонија, а е со цел поттикнување на иновативноста кај компаниите, имплементирање на иновативни решенија и поддршка на компании кои имаат висок потенцијал за раст, како и пренесување на резултатите од научните истражувања во апликативни, односно комерцијални активности преку формирање на спин-оф компании.
Инструментот кофинансирани грантови за старт-ап, спин–оф компании и иновации ќе обезбеди финансирање до максимум 85% од вкупниот буџет за проектот, до максимален износ од 30.000 Евра. Преостанатите 15% од вкупниот буџет за проектот, треба да бидат обезбедени од подносителот на барањето за финансирање. За доделување на средства по основа на овој инструмент може да учествуваат сите компании од сите дејности без ограничување по одделни индустрии.

- **Кофинансирани грантови и комерцијализација на иновации**

Инструментот е наменет за финансирање на мали и средни трговски друштва (во понатамошниот текст компании), регистрирани во Република Македонија, а е со цел реализирање и имплементација на иновативни решенија, иновативни процеси и воведување на иновации кај компаниите, како и поддршка на компании кои имаат висок потенцијал за раст. Финансирањето од овој инструмент може да биде во форма на грант или во форма на условен заем, во зависност од големината на барателот. Финансирањето во форма на условен заем подразбира иницијално доделување на средства на компаниите во форма на заем, со можност доколку компанијата исполни определени услови, дел или целиот износ од заемот да биде конвертиран во грант. Инструментот кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации ќе обезбеди финансирање до максимум 70% од вкупниот буџет за проектот, до максимален износ од 100.000 Евра. Преостанатите 30% од вкупниот буџет за проектот, треба да бидат обезбедени од подносителот на барањето за финансирање. Проектите во рамките на инструментот кофинансирани грантови и условени

заеми за комерцијализација на иновации ќе траат 24 месеци, со можност за продолжување за 12 месеци.

- **Кофинансирани грантови за трансфер на технологии**

Инструментот има за цел да ја поттикне имплементацијата на нови иновативни и подобрени технологии и технолошки процеси. Со овој инструмент се очекува да се постигне долгорочен позитивен придонес за развојот на регионалната економија, подобрување на конкурентноста преку технолошки и оперативни унапредувања и обезбедување на нови работни места. Инструментот е наменет за финансирање на програми за воведување на иновативни и напредни технологии во трговски друштва (во понатамошниот текст компании), стопански комори, и здруженија основани во Република Македонија. Програмите за трансфер на технологии се фокусирани на помагање на малите и средни претпријатија (МСП) да ја подобрат нивната продуктивност, да ги зголемат стандардите за квалитет и да воведат процеси за развој на нови производи. Најчесто тие помагаат да се подобрат технолошките можности на постоечките индустрии компании преку спојување на знаењето што е веќе постоечко на глобално и национално ниво со локалната индустрија. Овие програми исто така им помагаат на компаниите да го разберат значењето на стандарди на меѓународниот пазар и како да ги направат нивните производи компатибилни со меѓународните стандарди. Овој инструмент ќе финансира два типа на активности: 1) поддршка на компаниите во напорите да развијат планови за технолошки напредок и 2) поддршка на организации за развој на програми за трансфер на технологии. Проектите во рамките на инструментот кофинансирани грантови за трансфер на технологии ќе траат 24 месеци со можност за продолжување за најмногу 12 месеци.

- **Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори**

Фондот преку техничка помош ќе го поддржи формирањето на деловно-технолошки акцелератори, субјекти за давање инфраструктурана поддршка на иновациската дејност, со цел акцелерација на претприемништвото преку поддршка на физички лица кои сакаат да основаат трговско друштво (во

понатамошниот текст компанија), како и веќе основани компании во нивната почетна фаза (кои постојат максимум две години) преку обезбедување на едукативна, логистичка и финансиска помош. Деловно–технолошки акцелератор (во натамошниот текст: акцелератор) е субјект за давање на инфраструктурана поддршка на иновациска дејност чија основна дејност е ставање на располагање деловен простор, административни и технички услуги, менторство и обука, консултантски услуги и тренинг, обезбедување на иницијално финансирање и давање на стручна помош за надминување на организациските и стратешките пречки на компаниите

во основање (старт-ап компании) вклучувајќи го периодот на развивање на деловната идеја, па се до основањето и почетното делување на старт-ап компанијата. Периодот на нудење на услугите на акцелераторот не треба да биде подолг од 12 месеци почнувајќи од денот на влегување на ново-основаната компанија или физичко лице во акцелераторот, па се до успешна имплементација на деловната идеја. Акцелераторот освен техничка и логистичка помош обезбедува и финансиска помош, и тоа финансирање за време на фазата на акцелерација (до максимален износ од 50.000 Евра по проект) и можност за понатамошно финансирање (до максимален износ од 200.000 Евра по проект), наменет за најдобрите компании кои успешно ќе поминат низ фазата на акцелерација. Фондот ќе финансира до 75% од вкупниот буџет на проектот. Останатите 25% треба да бидат обезбедени од страна на барателот. Максималниот износ кој ќе биде финансиран од страна на Фондот за поддршка на формирање на Акцелератори изнесува 500.000 евра по формиран акцелератор. Овој износ ќе биде искористен за поставувањето на Акцелераторот, како и за фазата на финансирање, односно финансиската поддршка на акцелерираните компании. За Акцелератор може да поднесат барање и повеќе компании заеднички или здруженија, односно преку формирање на конзорциум, со тоа што задолжително се назначува еден правен субјект за лидер на конзорциумот, кој ќе биде координатор на активностите. Проектите во рамките на инструментот техничка помош преку формирани акцелератори ќе траат 42 месеци, од кои 6 месеци период за поставување на акцелераторот и период од 3 години за активно водење на истиот.

Од аспект на развојот на индустријата владата на Република Македонија го изработи националниот стратешки документ за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија и економијата ‘’Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020’’ Тој преставува национален стратешки документ за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија и економијата воопшто, преку координирање на политиките за конкурентност во Република Македонија.

Проектот за развивање на индустриска политика во Република Македонија се одвиваше во три фази:

- **Прва фаза** - Бенчмаркинг студија за улогата, креирањето и мерките на индустриската политика, врските со другите политики за ефикасно практично делување и организациона поставеност за имплементација, согласно искуствата и најдобрата пракса во земјите на Европска унија и други земји, со извлекување на применливи сегменти за Република Македонија.

- **Втора фаза** – Студија за мерење на индикатори на конкурентност на македонската индустрија со Секторска анализа на избрани индустриски сектори со која ќе се воспостави систем за мерење и евалуација, кој ќе обезбеди редовен мониторинг на позицијата на македонската индустрија од аспект на меѓународната конкурентност.

- **Трета фаза** – креирање на национален документ Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, како комплексен процес на развивање на проактивна, интегрирана индустриска политика во рамки на Меѓу министерската работна група за индустриска политика, формирана како резултат на неопходност за координација на политиките заради нивната дисперзираност и консултација на пошироко ниво. Процесот за развивање на индустриската политика се водеше во постојан дијалог со бизнис заедницата, стопанските комори, универзитетите, науката и Националниот совет за претприемништво и конкурентност. Предлог Национална индустриска

> политика на РМ претставува амбициозен но и остварлив план и политика за остварување на приоритетите на развојот и создавање конкурентна економија која максимално ги афирмира и активира човечките, материјалните и природните потенцијали на Република Македонија и нејзините развојни предности.

Министерството за економија, преку своите постојни програми: Програма за поттикнување на конкурентноста на македонски производи и услуги; Програмата за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност на мали и средни претпријатија; и Програма за развој на кластерското здружување; како и преку нови програми и мерки од индустриската политика, активно работи на создавање на поволна клима за работа и поттикнување на развојот и конкурентноста на фирмите и економијата. Програмите се дизајнирани со цел финансиска поддршка на деловните субјекти во создавање на производи и услуги кои ќе ги задоволат строгите критериуми и стандарди за квалитет на странските пазари, како и нивна промоција на разни меѓународни манифестации. Годинава тоа подразбира надоместување на дел од трошоците за: сертификација на *ISO, HACCP, CA 8000. За изработка на идејно решение за индустриски дизајн на производ, за поднесување на меѓународна пријава на патент. Учество на конференции, саеми, работилници, бизнис-форуми и други промотивни настани. Како и изработка на промотивни материјали за одредени индустриски гранки.

## 10. Профитабилност, инвестиции и финансии

Благодарение на веќе одамна започнатиот процес на глобализација, кој има континуиран карактер, пред се кога се работи за светската економија и глобалните економски текови, истиот придонесе за раст на значењето на странските директни инвестиции на глобалната сцена, а особено за државите во развој. Иако консензус не е постигнат во економската наука, сепак, емпириските истражувања укажуваат на тоа дека странските директни инвестиции се од голема важност, односно играат голема улога во економскиот раст и развој. Странтските директни инвестиции од таа гледна точка, би можеле да се наречат катализатори на растот и развојот на една економија.

Преку овие инвестиии една држава го обезбедува потребниот капитал, современа технологија, пристап до меѓународните пазари, а истите ја зголемуваат продуктивноста, конкурентноста, создаваат современ менаџмент. Странтските директни инвестиции често доаѓаат и со свои тимови на стручни лица – најчесто во сферата на менаџментот, како и другите раководни позиции.Заради тоа повеќето држави се трудат да направат политика

за тоа како да ги привлечат и задржат инвестициите од овој вид. Од овие причини и во Република Македонија од осамостојувањето до денес се развива политика за привлекување на СДИ, нудејќи посебни повластици за странските инвеститори. Со политиката за привлекување на СДИ треба да се усогласат националните интереси со деловните интереси и стратегии на странските инвеститори, пред се преку создавање на поволна инвестициска клима. За таа цел е неопходно постојано надградување на макроекономската политика, создавање на институционални основи и спроведување на соодветна фискална, монетарна, социјална и надворешно-трговска политика.

Иако не е постигнат консензус во економската наука, сепак, емпириските истражувања укажуваат на тоа дека странските директни инвестиции се од голема важност, односно играат голема улога во економскиот раст и развој. Странтските директни инвестиции од таа гледна точка, би можеле да се наречат катализатори на растот и развојот на една економија.
Преку овие инвестиии државите обезбедуваат потребен капитал, современа технологија, пристап до меѓународни пазари, ја зголемуваат продуктивноста, конкурентноста, создаваат современ менаџмент. Заради тоа државите мора да имаат правилно конципирана макроекономска политика занивно привлекување.
Од овие причини Република Македонија по осамостојувањето се одлучи за определба и изградба на пазарен систем каде што постојната законска регулатива беше реформирана и претрпи драстични измени со цел да понуди еднакви права и услови за домашните и странските инвеститори, како и за заштита на нивните права, преку поголема сигурност на странските вложувања, сè со цел зголемување на атрактивноста на

земјата.Денес Р.М. развива политика за привлекување на СДИ,нудејќи посебни повластици за странските инвеститори преку различни даночни и неданочни ослободувања. Со оваа политика треба да се усогласат националните интереси со деловните интереси и стратегии на странските инвеститори, пред се преку создавање на поволна инвестициска клима. За таа цел е неопходно постојано надградување на макроекономската политика, создавање на институционални основи и спроведување на соодветна фискална, монетарна, социјална и надворешно-трговска политика. Со оглед на фактот дека во Република Македонија приливот на СДИ е во далеку помал обем од очекуваниот, за правилно конципирање на стратегија за привлекување на СДИ неопходно е постојано следење на состојбите со меѓународното движење на капиталот на светско, а особено на регионално ниво и преку постојана анализа да се отстрануваат ограничувањата и зголемуваат можностите за привлекување на СДИ. Зголемувањето на странските директни инвестиции, како и зголемувањето на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитетот на живеење се едни од стратегиските приоритети и главните цели на Владата на Република Македонија.

ТИРЗ како една од формите за промоција и имплементација на политиките за привлекување странски директни инвестиции (СДИ), со привлекување странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија имаат за цел забрзување на економскиот развој во стопанството односно зголемување на конкурентноста и вработувањето.

## Табела 10-1 : Директни инвестиции во Република Македонија - трансакции - по вид на инвестиција (во мил. Евра)

| Период | Директни инвестиции во Република Македонија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Должнички инструменти | | | | |
| | Сопственички капитал и реинвестирање на добивката | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира (обврски) | Повратно вложување (средства) | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија (нето-обврски) | Вкупно | Вкупно |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5=2-3+4 | 6=1+5 |
| 2017 | 259.24 | 147.53 | 136.95 | -42.34 | -31.76 | 227.48 |

## Табела 10-2 : Дирекни инвестиции во Р. Македонија по дејности за 2017 година

| Дејност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Должнички инструменти *Debt instruments* | | | | |
| | Сопственички капитал, освен реинвестирањето на добивката Вкупно | Реинвести-рање на добивка (обврски) | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира (обврски) | Повратно вложување (средства) | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија (нето-обврски) | Вкупно | Вкупно |
| | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9=6-7+8 | 10=4+5+9 |
| **ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО** | 1.98 | 0.00 | 7.71 | -0.01 | 0.00 | 7.72 | 9.70 |
| **РУДАРСТВО И ЕКСТРАКЦИЈА** | 0.15 | 0.00 | 11.90 | -20.53 | 1.82 | 34.26 | 34.41 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРОИЗВОДСТВО** | 9.37 | 0.00 | 43.57 | 145.44 | 16.89 | -84.98 | -75.61 |
| **ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И И РАЗЛАДНИ УРЕДИ** | 2.80 | 0.00 | 8.02 | 0.00 | -19.37 | -11.35 | -8.56 |
| **ВОДОСНАБДУВАЊЕ, КАНАЛИЗАЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И РАБОТИ НА ПОСРЕДУВАЊЕ** | 0.08 | 0.00 | 1.19 | 0.00 | 0.01 | 1.19 | 1.28 |
| **ГРАДЕЖНИШТВО** | 5.26 | 0.00 | 8.42 | 0.09 | -10.36 | -2.03 | 3.23 |
| **ВКУПНО УСЛУГИ** | 71.32 | 0.00 | -2.31 | 3.51 | 1.50 | -4.32 | 66.99 |
| **ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО; ПОПРАВКА НА МОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ** | 22.01 | 0.00 | 1.68 | 3.49 | -1.42 | -3.23 | 18.78 |
| **ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ** | -1.96 | 0.00 | -5.10 | 0.00 | 0.12 | -4.98 | -6.94 |
| ВКУПНО транспорт и складирање | -1.96 | 0.00 | -5.10 | 0.00 | 0.12 | -4.98 | -6.94 |
| **СМЕСТУВАЊЕ И ПОСЛУЖУВАЊЕ** | 1.12 | 0.00 | 1.78 | 0.00 | 0.48 | 2.26 | 3.38 |
| **ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ** | 0.93 | 0.00 | 6.71 | 0.35 | -1.48 | 4.88 | 5.81 |
| **ФИНАНСИКИ И ОСИГУРИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ** | 6.05 | 0.00 | -0.01 | 0.00 | 0.95 | 0.95 | 7.00 |
| **АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ** | 18.40 | 0.00 | 2.78 | 0.00 | 0.07 | 2.85 | 21.25 |
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | 1.22 | 0.00 | 0.53 | -0.34 | 2.74 | 3.61 | 4.84 |
| **АДМИНИСТРАТИВНИ ПОМОШНИ АКТИВНОСТИ** | 6.70 | 0.00 | 2.37 | 0.00 | 0.00 | 2.37 | 9.07 |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | 0.36 | 0.00 | 0.04 | 0.00 | 0.00 | 0.04 | 0.40 |
| **ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА** | 16.49 | 0.00 | -13.10 | 0.00 | 0.00 | -13.10 | 3.39 |
| **ОСТАНАТИ УСЛУГИ** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.02 | 0.02 | 0.02 |
| Останати услуги | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **Неалоцирани економски активности** | -1.71 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | -1.71 |
| **Меѓу збир** | 89.25 | 0.00 | 78.49 | 128.50 | -9.51 | -59.52 | 29.73 |
| Приватни купувања и продажба на недвижен имот | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупно** | **89.25** | **0.00** | **78.49** | **128.50** | **-9.51** | **-59.52** | **29.73** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нераспределено - реинвестирање на добивката и дел од должнички инструменти | | | | | | | **197.75** |
| **Вкупно ДИ во земјата** | **89.25** | **0.00** | **78.49** | **128.50** | **-9.51** | **-59.52** | **227.48** |

## Табела 10-3: Состојба на инвестициите во РМ

| Индикатор | Состојба за 2017 година |
|---|---|
| Директни инвестиции - нето (во милиони евра) | 229.1 |
| Директни инвестиции - нето (% од БДП) | 2.3 |

*НБРМ*

## Табела 10-4: Странски дирекни инвестиции во Р. Македонија за 2017

| **Земји** | **Вкупно** |
|---|---|
| | |
| Германија | 37.57 |
| Австрија | 24.01 |
| Сент Винсент и Гренадини | 20.58 |
| Луксембург | 17.00 |
| Хрватска | 15.30 |
| Италија | 6.55 |
| Девствени Острови, Британски | 5.89 |
| Грција | 5.54 |
| Романија | 5.50 |
| Хонг Конг | 5.35 |

| | |
|---|---|
| Обединети Арапски Емирати | 5.21 |
| Холандија | 5.17 |
| Бугарија | 3.72 |
| Шведска | 3.40 |
| Руска Федерација | 3.24 |
| Малта | 2.66 |
| Белгија | 2.39 |
| Кипар | 2.10 |
| Косово | 1.65 |
| Норвешка | 1.51 |
| Гибралтар | 1.50 |
| Лихтенштајн | 1.39 |
| Словенија | 1.39 |
| Португалија | 1.38 |
| Монако | 1.23 |
| Канада | 1.18 |
| Израел | 1.11 |
| Австралија | 0.63 |
| Естонија | 0.55 |
| Доминика | 0.50 |
| Унгарија | 0.45 |
| Јордан | 0.44 |
| Србија | 0.43 |
| Ирак | 0.26 |
| Чешка Република | 0.23 |
| Индија | 0.22 |
| Либан | 0.20 |
| Саудиска Арабија | 0.17 |
| Кувајт | 0.13 |
| Нераспределено | 0.13 |
| Сириска Арапска Република | 0.13 |
| Катар | 0.11 |
| Кина | 0.10 |
| Мексико | 0.09 |
| Египет | 0.08 |
| Кореја, Република | 0.08 |
| Швајцарија | 0.06 |

| | |
|---|---|
| Џерси | 0.06 |
| Босна и Херцеговина | 0.05 |
| Кајмански Острови | 0.04 |
| Сент Мартин | 0.03 |
| Оман | 0.02 |
| Украина | 0.02 |
| Свазиленд | 0.02 |
| Јужна Африка | 0.02 |
| Девствени Острови, САД | 0.01 |
| Сејшели | 0.01 |
| Латвија | 0.01 |
| Виетнам | 0.01 |
| Ирска | 0.00 |
| Филипини | 0.00 |
| Сингапур | 0.00 |
| Уругвај | 0.00 |
| Данска | -0.03 |
| Нов Зеланд | -0.03 |
| Турција | -0.04 |
| Ерменија | -0.06 |
| Франција | -0.07 |
| Полска | -0.07 |
| Црна Гора | -0.22 |
| Финска | -0.39 |
| Шпанија | -0.69 |
| Албанија | -0.77 |
| Словачка | -1.18 |
| Бермуди | -1.34 |
| Казахстан | -3.06 |
| Соединети Американски Држави | -13.57 |
| Обединето Кралство | -137.53 |
| **Вкупно** | **29.73** |
| Нераспределено - реинвестирање на добивката и дел од должнички инструменти | **197.75** |
| **Вкупно ДИ во земјата** | **227.48** |

## 11. Компаративна анализа на состојбата на МСП во РМ, со состојбата на претпријатијата и деловните субјекти во регионот и ЕУ

Освен потврдената добра деловна клима, за Република Македонија постои оценка дека регулаторната рамка која ги третира прашањата поврзани со развојот на претприемништвото и секторот на мали и средни претпријатија во државата оди во прилог на бизнисите и е изготвена со задоволително ниво на усогласеност со законодавството на Европската Унија.

Република Македонија доби статус на земја-кандидат за пристапување кон ЕУ, што има големи импликации врз стратегијата и програмата за МСП во однос на забрзувањето на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ и потребата за спроведување на ревидирана Европска повелба за мали претпријатија. Новите иницијативи како што се Инструментот за претпристапна помош и Рамковната програма на ЕУ за конкурентност и иновации (претходно 2007-2013 г., тековно 2014-2020 г.) претставуваат нови предизвици и можности во однос на науката, технологијата и иновациите, како и информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) како средства за зголемување на конкурентноста на МСП.

Република Македонија за досегашните постигнувања во доменот на развој на претприемништвото и поддршката на МСП ги следи добрите светски практики и практиките на Европската Унија од оваа област, како следниве иницијативи, програми и документи :

- Акт за мали претпријатија, Европска комисија,
- Акциски план за претприемништво 2020, Европска комисија,
- Искуствата на ALDA (Association of Local Democracy Agencies);
- Искуствата на NALAS (Network of associations of local authorities of South East Europe);
- Искуствата на EUROCITIES;
- Претприемништво и локален економски развој – Програма и препораки за политики, ОЕЦД,

- Стратегијата Европа 2020 ја утврдува визијата за европската социјална пазарна економија за XXI век. Стратегијата “Европа 2020” предлага три приоритети што меѓусебно се надополнуваат: паметен раст (т.е. развој на економија што се заснова врз знаење и иновации), одржлив раст (т.е. промовирање на економија што поефикасно ги искористува ресурсите, што е позелена и поконкурентна) и инклузивен раст (т.е. негување економија со висока стапка на вработеност што обезбедува социјална и територијална кохезија). Надоврзувајќи се на “Европа 2020”, земјите од Западен Балкан што се вклучени во претпристапните процеси изготвија, исто така, Стратегија за Југоисточна Европа 2020 (ЈИЕ 2020), што претставува одраз на решителноста на сите влади во Југоисточна Европа за прифаќање на храбрите пристапи во политиките што се неопходни за постигнување на потребниот економски и социјален раст за подобрување на просперитетот на сите свои граѓани и за олеснување на евентуалното интегрирање во ЕУ. Во последниве две децении се бележат голем напредок и многу значајни постигнувања во Југоисточна Европа. Меѓутоа, регионот сѐ уште се соочува со определени сериозни предизвици. Стратегијата “ЈИЕ 2020” ја препознава потребата за регионална соработка во избраните области за справување со овие предизвици и забрзување на постигнувањето на развојните цели во клучните сектори.

- Акцискиот план Претприемништво 2020 на ЕУ претставува план за решителна заедничка акција за искористување на претприемачкиот потенцијал на Европа, отстранување на постоечките пречки и револуционизирање на културата на претприемништвото во Европа. Тој има за цел да го олесни отворањето на новите претпријатија и да создаде многу поповолно окружување за напредување и раст на постоечките претприемачи.

## 11.1 Актот за мали претпријатија на Европската унија - Small Business Act (SBA)

Актот за мали претпријатија на Европската унија Small Business Act (SBA) е сеопфатна рамка за политиката на ЕУ за мали и средни претпријатија (МСП). Таа има за цел да го подобри пристапот кон претприемништвото во Европа, да го поедностави регулаторното и политичкото опкружување за МСП и да ги отстрани преостанатите бариери за нивниот развој.

Малите и средните претпријатија (МСП) се 'рбетот на европската економија. Тие претставуваат 99% од сите бизниси во ЕУ. Во изминатите пет години, тие создадоа околу 85% од новите работни места и обезбедија две третини од вкупната вработеност во приватниот сектор во ЕУ. Европската комисија смета дека МСП и претприемништвото се клучни за обезбедување на економски раст, иновации, создавање работни места и социјална интеграција во ЕУ.

- **Создавање бизнис-пријателска околина**

Во центарот на акцијата на Комисијата е Актот за мали бизниси за Европа кој обезбедува сеопфатна политика за МСП за земјите од ЕУ и ЕУ. Актот го промовира принципот "Прво мисли на малите" и го промовира претприемачкиот дух кај европските граѓани.

- **Промовирање на претприемништво**

Комисијата го промовира претприемништвото преку Акциониот план за претприемништво, го поддржува образованието за претприемништво и обезбедува алатки за поддршка за аспиранти претприемачи.

- **Подобрување на пристап до нови пазари и интернационализација**

Приоритет на Комисијата е да се осигура дека претпријатијата можат да се потпрат на средина која е поволна за бизнис и да извлече максимум од прекуграничните активности, како во рамките на единствениот пазар на ЕУ, така и надвор од ЕУ.

- **Олеснување пристап до финансии**

Пристапот до финансии е најважното прашање за многу мали претпријатија. Комисијата работи на подобрување на финансиското опкружување за МСП и обезбедува информации за финансирање.

Директивата за задоцнето плаќање ги зајакнува правата на бизнисот за брзо плаќање.

- **Поддржува конкурентност и иновации на МСП**

Промовирањето на конкурентноста и иновациите се клучни аспекти на политиката на ЕУ во однос на индустријата и претпријатијата, особено за МСП.

- **Обезбедување клучни мрежи за поддршка и информации за МСП**

  - Бизнис порталот "Твоја Европа" е практичен водич за водење бизнис во Европа. Им обезбедува на претприемачите информативни и интерактивни услуги кои им помагаат да го прошират својот бизнис во странство[3]
  - Мрежата "Enterprise Europe" помага мали и средни претпријатија и претприемачи да пристапуваат до информациите за пазарот, да ги надминат правните пречки и да најдат потенцијални деловни партнери низ цела Европа[4]
  - Страницата за поддршка на МСП за интернационализација обезбедува информации за странските пазари и им помага на европските бизниси да ги интернационализираат своите активности[5]
  - Порталот за пристап до финансии им помага на МСП да најдат финансиска поддршка од ЕУ[6]

- **Особена поддршка на старт-ап и проширувања на МСП**

Целта на иницијативата за започнување и проширување на Комисијата е да им даде на многуте иновативни претприемачи во Европа секоја можност да станат светски водечки компании. Ги

[3] https://europa.eu/youreurope/business/index_en.htm
[4] https://een.ec.europa.eu/
[5] https://ec.europa.eu/growth/smes/access-to-markets/internationalisation/support-tools_en
[6] https://europa.eu/youreurope/business/funding-grants/access-to-finance/index_en.htm

обединува сите можности што ЕУ ги нуди и додава нов фокус на инвестициите во ризичен капитал, законот за несолвентност, оданочувањето и многу повеќе.

## 11.2 Усогласување со Актот за мали претпријатија на Европската унија и следење на Европските програми за МСП

Согласно Националната Стратегија за МСП, таа е изготвена и го следи Актот за мали претпријатија (АМП) на Европската унија. Целта е да се постигне следното:

- **Создавање окружување во коешто претприемачите и семејните претпријатија може да просперираат и во коешто се наградува претприемништвото:** ќе се создаде поволно деловно опкружување за сите МСП, вклучувајќи ги семејните претпријатија, преку поедноставена правна и регулаторна рамка, усвојување на нов закон за МСП и ревидирање на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, подобрено креирање политики и координирање, како и преку подобрени услуги за деловен развој и подобар пристап до финансии.

- **Осигурување дека чесните претприемачи што биле предмет на стечај брзо добиваат нова можност:** Подобрување на стечајните постапки и воведување информативна кампања за промовирање на втора можност за претприемачите што претходно доживеале неуспех.

- **Концепирање на правилата во согласност со принципот „Прво мисли на малите“:** Воведување посебен инструмент за процена на влијанието на регулативата, познат како МСП Тест, за анализирање на ex ante ефектите на сите законодавни предлози во врска со МСП.

- **Овозможување државната администрација да стои на располагање за задоволување на потребите на МСП:** подобрено креирање на политиките и координацијата во рамките на секторот на МСП, подобрување на социјалниот дијалог, подобрување на податоците и анализите за секторот на МСП зајакнување на претставувањето на секторот на МСП и зголемување на влијанието на деловните и финансиските услуги преку создавање онлајн Портал за МСП.

- **Олеснување на пристапот до финансии за малите претпријатија и развој на правно и деловно окружување што поддржува навремено плаќање во трговските трансакции:** подобрување на пристапот до финансии преку создавањето регистар на движен имот, воведување на факторинг, ревитализација на кредитно-гарантната шема и подобрување на финансиската писменост.

- **Помагање на МСП подобро да ги искористат можностите што ги нуди единствениот пазар на ЕУ:** зајакнување на врските со програмите на ЕУ за поддршка на МСП, истовремено подобрувајќи го пристапот на МСП до владините услуги за промовирање на извозот и развивајќи ги стратешките индустриски вредносни синџири и кластери.

- **Промовирање на надградбата на вештините во МСП и на сите облици на иновации:** Вклучување на претприемништвото во сите нивоа на образование и обука, поддршка на иновациите во секторот на МСП преку овозможување на создавањето подобри мрежи меѓу академската заедница и индустријата, вклучувајќи поддршка за ИР и основање нови научно-технолошки паркови и инкубатори за иновации

- **Оспособување на МСП да ги претворат еколошките предизвици во деловни можности:** **П**оддршка на развојот на „зелени МСП“

- **Охрабрување и поддршка на МСП во искористувањето на растот на меѓународните пазари:** попродуктивен и поконкурентен сектор на МСП преку обезбедување поголема поддршка за подобрување на интернационализацијата на секторот на МСП, што вклучува зголемен пристап до услуги за поддршка за промовирање на извозот и развој на стратешките индустриски вредносни синџири и кластери.

## 11.3 Анализа на состојбите на МСП во Европската Унија

**Застапеност на МСП во Европските Земји (% од бројот на сите претпријатија) во 2017**




*Графикон 11.1-1 Застапеност на МСП во Европски земји*

**Вработеност во МСП во Европските Земји (% од бројот на сите претпријатија) во 2017**




*Графикон 11.1-2 Вработеност во МСП во Европски земји*

**Бруто додадена вредност на МСП Европските Земји (% од бројот на сите претпријатија) во 2017**




*Графикон 11.1-3 БДП на МСП во Европски земји*

- **Европската комисија** смета дека промоцијата на МСП е од исклучително значење. Нејзините многубројни активности се поврзани со покривање на “Активностите на малиот бизнис” во Европа, подобрување на деловното окружување, промовирање на претприемништвото, олеснување на пристапот до пазарите и ширење на добри практики.

Со оглед на фактот дека финансиските пазари не успеваат да ја обезбедат потребната финансиска поддршка за МСП, Европската комисија активно го помага инвестирањето во почетни бизниси, а средствата се дистрибуираат преку финансиски институции, најчесто банките. Финансиските инструменти, кои се јавуваат во форма на: финансиска поддршка, гарантна поддршка, микрокредити, и мезанин финансирање, се поддржани со буџетот на Унијата и покриваат различни потреби на малите и средни претпријатија, без разлика дали се работи за почетни или веќе постоечки компании.

- **Европскиот инвестициски фонд (ЕИФ)**, е јавно-приватно партнерство основано во 1994 година, чии акции се сопственост на Европската инвестициска банка (61,2%), Европската комисија (30%) и финансиските институции (8,8%), претставува суштински финансиер на ризикот на кои подлежат МСП низ цела Европа и е главен играч во Европскиот пазар на капитал.

- **Хоризонт 2020** нуди серија на интегрирани мерки во насока на поддршка на малите и средни претпријатија во текот на циклусот на иновации, во поглед на промовирањето на нивниот раст и развој односно активно ги поддржува преку обезбедување и директна финансиска поддршка, и индиректна поддршка за зголемување на нивниот капацитет за иновации. Во делот на "Иновации во мали и средни претпријатија" има за цел создавање на мост помеѓу јадрото на Рамковната програма - поддршка на проекти за истражување, развој и иновации - и создавање на поволен екосистем за иновација и раст на истите. Додека COSME се фокусира на обезбедување и развој на подобри рамковни услови за раст во контекст на

индустриските промени и во секторите на стратешки интереси, како напредно производство и пристап до пазарите.

Европската комисија и земјите членки имаат имплементирано сеопфатен систем на политики и инструменти за поддршка на МСП, користејќи најсоодветни извори и видови на финансии во секоја фаза. На оперативно ниво, Европската комисија воспоставила постојан форум за финансирање и следење на состојбата на пазарот со цел да се изнајдат нови начини за подобрување на пристапот до финансии за МСП. Во продолжение ќе бидат опфатени неколку одбрани политики за ризичен капитал:

- **Бизнис ангели и подготвеност за инвестиции**: "Оваа политика е имплементирана од страна на Европската комисија наменета за идентификување и ширење на добри практики кои ќе помогнат за подобрување на условите на Бизнис ангел инвестициите".

- **Обезбедување на раст на котацијата на берзите со поедноставни барања**. Европската комисија смета дека "обезбедувањето на полесен пристап до ЕУ за раст на берзите е неопходно, за да фирмите бидат во можност лесно да дојдат до резерви и за да бидат лесно достапни до квалификувани инвеститори од целата ЕУ"

- **Европската асоцијација за вложување и приватен капитал (EVCA)**
  укажува на "адаптирање и насочување на постоечките структури на јавна поддршка за ризичен капитал" со цел "да се зголеми конкурентноста, привлекување на приватни инвестиции, а исто така да се овозможи постепено намалување на нејзината зависност од јавните пари

- **Национални политики за пристап до финансии**, во земјите членки на
  ЕУ и надвор од неа постои разновидност во иницијативите за подобрување на пристапот до финансии генерално за иновативните МСП, а особено за финансирање на нивниот раст. Всушност извештајот на OECD, кој се однесува на политиките за висок раст на МСП покажа дека таквите политики во пракса имаат тенденција да се фокусираат на пристапот до финансии, додека вршат занемарување на надградбата на вештините и поттикнувањето на растот на амбициите.

- **Сектор за набљудување на иновациите** – Врши споредбена анализа на иновациските обрасци и изведби во различните индустриски сектори со цел да обезбеди креатори на политиката, експерти и останати актери, за подобро разбирање на поттикнувачите и препреките кои влијаат врз иновативните активности и резултати во различни сектори.

- **Европска кластер обсерваторија** – Преку квантитативна анализа е направена мапа на сите бизнис кластери во рамките на Европа, во која се врши рангирање на кластерите врз основа на нивната големина, специјализација и фокус што дава клучни информации за претприемачите, инвеститорите и она што секој кластер може да го направи.

Секторот на претпријатија во Република Македонија не се разликува во голема мера од секторот на претпријатија во другите земји, од аспект на неговото значење за економијата на државата. Така што, бројот на регистрирани претпријатија континуирано се зголемува, а со тоа и нивното учество во економијата.

## 11.4 Политики за увоз и извоз во Европската Унија

Заеднички аранжмани за увоз
Царинската унија е една од сврзните точки на заедничката трговска политика во Европската Унија. Другите основни елементи се:
1. Заедничките аранжмани за увоз и
2. Заедничките мерки за заштита.

Заедно тие придонесуваат да се обезбеди подеднакво поле на конкуренција за претпријатијата од Заедницата, давајќи им пристап до еднакви цени за увезени суровини и изедначувајќи ги количествата и цените на конкурентните производи.

- **Заеднички правила за увоз**

Заедничките правила за увоз се утврдени со Регулатива на Советот од 22-ри декември 1994 година..Тие се применуваат за увоз на производи што потекнуваат од трети држави, (со исклучок на текстилот и производи што потекнуваат од определени трети држави, Русија, Северна Кореја и Народна Република Кина).. Покрај овие исклучоци, увозот во Заедницата е слободен и не подлежи на никакви квантитативни ограничувања.

### Цел на регулативата

Регулативата има за цел да воспостави рамнотежа меѓу пазарот на Заедницата вообичаено отворен кон светот. Регулативата воспоставува постапка за информирање и консултирање на Заедницата.
Заедницата постојано спроведува надзор над производите и по потреба се одвиваат потребни консултации.Надзорот може да се применува за увоз во еден или повеќе региони од Заедницата (регионален надзор).
Заедницата постојано спроведува надзор над производите и по потреба се одвиваат потребни консултации.Надзорот може да се применува за увоз во еден или повеќе региони од Заедницата (регионален надзор).
Државите членки на барање на Комисијата и следејќи ги процедурите воспоставени од неа и ги даваат сите информации што им се на располагање за развојот на пазарот на производот за

кој се води истрагата. Одлуката за наметнување претходен или ретроспективен надзор, регионален или на Заедницата, ја носи Комисијата.Воведувањето надзорни мерки вклучува месечни извештаи. Секоја држава членка исто така може да му ја достави на Советот одлуката на Комисијата во врска со заштитните мерки. Советот, постапувајќи со квалификувано мнозинство, може да ја потврди, измени и дополни или да ја повлече одлуката на Комисијата. Тој исто така може да ги трансформира надзорните мерки на Заедницата во заштитни мерки. Покрај општите заеднички правила за увоз, сè уште постојат некои специфични правила. Најважните од таквите правила се применуваат за увозот од определени трети држави, особено Русија и другите држави од Комонвелтот на независни држави, Албанија, Народна Република Кина, Северна Кореја и Виетнам. Овие правила овозможуваат либерализација на увозот, имено непостоење на какви било квантитативни рестрикции од страна на државите членки на ЕУ.

- **Заеднички аранжмани за извоз**

Во однос на извозно-кредитното осигурување за трансакции со среднорочно и долгорочно покритие, постои Директива што се стреми да ги усогласи различните јавни системи за вакво осигурување, со цел да се спречи нарушувањето на пазарната конкуренција помеѓу фирмите во ЕУ.

**Унапредување на извозот**

Комисијата придонесува, од буџетот на Заедницата за унапредување на извозот и особено за поблиска соработка на ниво на Заедницата и за истражување на заедничките акции, давајќи му предност на европскиот извоз (меѓународни саеми,трговски форуми, конференции, семинари) во согласност со програмите на Заедницата и со програмите на државите членки за унапредување на извозот (види ги деталите во продолжение).

Соработката со трговските федерации и националните здруженија за унапредување на извозот, следи две цели:

1. да се осигури дека сите активности на конкретниот пазар ја зајакнуваат димензијата на Заедницата и
2. да ги насочи активностите кон одреден број целни држави, список што е предводен од Кина, Јапонија, државите од Централна и Источна Европа.

**Слободен извоз**

Извозот на Заедницата кон трети држави е слободен и не е предмет на квантитативни ограничувања, со исклучок на неколку производи за конкретни држави членки и на нафтата и нафтените деривати за сите држави членки.

Заедницата има механизам на заштита во случај на:

- недостаток на клучни производи
- квантитативните извозни ограничувања
- потешкотии на пристапот за стопанските дејности на Заедницата на пазарите во другите држави,

Комисијата, во соработка со државите членки, финансира активности, истражувачки студии и пилот-проекти поврзани со едукацијата и јавната свест за билатералните односи помеѓу Унијата и индустријализираните држави во Северна Америка, Азија и Австралија, стремејќи се особено кон подобрување на "видливоста" на Унијата (отварање на ЕУ-центри).

ЕУ ја поседува неопходната моќ за да ги исправи овие ситуации, но нејзините држави членки мора да и помогнат во спречувањето на препреките во трговијата, здружувајќи ги силите со Европската комисија.

## Заклучок

Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ) е одговорна за спроведувањето на владините политики за МСП. Мисијата на АППРМ е промовирањето на претприемништвото и малото стопанство преку спроведување приоритетни проекти што се одраз на областите на интервенции во МСП што се раководат според побарувачката и на владините програми за поддршка на -претприемништвото и зголемување на конкурентноста на МСП. Основните одговорности на АППРМ се:

- Создавање и развој на институционалната инфраструктура за поддршка и развој на претприемништвото и конкурентноста во секторот на МСП;
- Спроведување и координирање на државната и меѓународната поддршка за МСП;
- Унапредување на претприемништвото преку финансиски и нефинансиски видови мерки за поддршка; и
- Спроведување на програмите за мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност во малото стопанство.

Целта на Опсерваторијата за МСП при Агенцијата за Поддршка на Претприемништо на Република Македонија и нејзините годишни извештаи за секторот на МСП е да овозможи континуирано следење, анализа и подготовка на политики кои се во интерес на приватниот сектор во Р.М. За таа цел, годишните извештаи во голема мера им помагаат на креаторите на политиките во државата, особено на луѓето кои работат во Министерствата, поточно во секторот за развој на МСП и сл. Овие извештаи се од есенцијално значење при изработката на најразлични анализи, трудови и извештаи од страна на голем број институции, организации и проекти.

## Користена литература


Национална стратегија за МСП (2017-2022) и Акциски план (од 2018 до 2020 г.), Република Македонија, Министерство за економија, Скопје, Македонија

Државен завод за статистика (2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007,2008, 2009 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017)

Народна Банка на Република Македонија (2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017) Скопје.

Македонска банка за поддршка на развојот (2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007,2008, 2009 2010, 20112012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017)

Министерство за економија (2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007,2008, 2009 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017) Серија на законодавни документи кои се однесуваат на претпријатијата, Скопје

Министерство за финансии на Република Македонија (2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007,2008, 2009 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017) Скопје.

Опсерваторија за МСП во Македонија (2002, 2003, 2004, 2005, 2007, 2008. 2009, 2013, 2014, 2015 и 2016) .

Централен регистар (2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006,2007, 2008 2009, 2010, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017),

Европска Повелба за мали и средни претпријатија (2003, 2004, 2005, 2006, 2008, 2009), Национален извештај (2003, 2004, 2005, 2006, 2008 и 2009) Скопје.

Европска Комисија, Извештај за имплементација на Европската Повелба за мали и средни претпријатија во земјите од западен Балкан, Брисел

Закон за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. бр. 28/04 од 30.04.2004 година, последна измена и дополнување 31.03.2016)

Годишен извештај за европските МСП 2016/2017 – Европска Комисија

OECD Конференција на министерствата за мали и средни претпријатија (2004), МСП статистика: кон посистематски статистички мерења на однесувањето на МСП, Истанбул.

Ристеска, А. "Влијанието на малите и средните претпријатија врз економскиот развој, со посевен осврт на Република Македонија", Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, Економски факултет – Прилеп

Радуловиќ, И. "Иновациските способности на малите и средните претпријатија како фактор на конкурентноста на глобалниот пазар", Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, Економски факултет – Прилеп

SEED Побарувачката на услуги за развој на бизнисот на малите и средни претпријатија во Македонија, Скопје.

Фонд за иновации и технолошки развој